УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
С К О П Ј Е
Институт за социологија
Социо– економска насока

# РАСЛОЈУВАЊЕТО НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО ПРОЦЕСОТ НА ТРАНЗИЦИЈАТА

– Магистерски труд –

Магистранд
Јане ТРПКОВСКИ

Ментор
д-р Илија АЦЕСКИ, ред. проф.

Јуни 2014
СКОПЈЕ

**„Domnia pecunia est“**

− *Publius Quinctilius Varus*

## СОДРЖИНА

ПРЕДГОВОР ........................................................................................................................ 4
I. ИСТОРИ(ОГРАФ)СКИ ПРЕСЕК ........................................................................................ 7
1.1. Култот на личноста на Ј. Броз во едно- партискиот систем на четвртата Југославија
1.2. Карактеристики на командната економија и класната структура
2.1. Прв фактор за крахот: меѓународниот долг и не- праведната не- еднаквост
2.2. Втор фактор за крахот: неефикасноста на уставот и демократизацијата
3. Визуелизација на концептот за макро- општествени промени
II. МЕТОДОЛОГИЈА ........................................................................................................ 31
Дизајн на анализата
III. ПОЛИТИЧКА ДИМЕНЗИЈА ......................................................................................... 34
1. Поим и функција на конститутивните елементи на политичко- правниот систем
2.1. Критериуми за алокација и примена на политичката моќ во пост- социјалистичките општества
2.2. Социјалните ефекти од потезите на политичките елити
IV. ЕКОНОМСКО- ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ ........................................................ 44
1. Трансформацијата на управувачко- сопственичката структура на претпријатијата
2. Трендовите на макро- економските политики за развој
3. Економско- демографска анализа на некомпатибилноста меѓу побарувачката на пазарот на труд и понудата на работна сила по образование и економска активност
4. Категоризација на транзициски формираните домаќинства, согласно нивото на животен стандард
V. ПОСТ- СОЦИЈАЛИСТИЧКИ МОДЕЛ НА СТРАТИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА .... 66
1. Модели на диференцирани општествени структури низ историјата
2.1. Современи теоретски парадигми за димензиите на стратификацијата
2.2. Социјални канали и веројатност за постигнување вертикална мобилност
3. Визуелизација на фрагментираната и поларизирана слојна структура
ЗАКЛУЧОК ........................................................................................................................ 87
БИБЛИОГРАФИЈА .......................................................................................................... 91

## ПРЕДГОВОР

Трудот е последица на континуираниот научно- истражувачки ангажман во рамки на вториот циклус на студии, согласно предметните програми за кои како магистранд, умешно ги поврзав централните проблеми (и тоа во домен на, криминалитетот и политиката, економијата и организациите, стратификацијата и современото македонско општество).

На категоријално ниво, предмет на анализа во трудот се конститутивните категории кои се изведуваат од апстрактните поими социјална стратификација и макро- општествени промени.

На теоретско ниво, истражувачки проблем е мапирање на економско- демографските консеквенции, под влијание на макро- економските политики, спроведени од националните влади во регионот, опфатени согласно транзициските процеси, кои паралелно се поткопани и од влијанието на глобалните центри на економската и политичката моќ.

Во историографска насока, толкувани се круцијалните тези за стратификациските системи и на нив својствените категории и суб- категории. Понатаму, операционализирани се концептите за општествени промени, корупција, приватизација, транзиција, глобализација, макро- економски раст и одржливост, демографски развој и развој на населението. Мапирани се конститутивните елементи на пазарот на труд и на работната сила. Мапирано е нивото на ефикасност во функционирањето на државните институции, а под влијание на меѓународниот фактор и на корупцијата од високо ниво.

Тезите кои како автор ги изведувам преку толковната анализа, ги поткрепувам со статистички податоци и оттука имаат епистемолошки кредибилитет.

Од методолошки аспект, трудот се темели опсежна a posteriori секундарна компаративна лонгитудинална анализа по систем од универзално дефинирани индикатори на статистички диспаритети во стапките кај различни демографски контингенти, дефинирани согласно универзалната методологија на архивските национални и меѓународни институции. Станува збор за методолошки номинализам. Хипотетичкиот став има за цел да ги анализира економско- демографските консеквенции од политичко- економските димензии на националните и регионалните макро- општествени промени во

клучен историски пресек на општеството. За таа цел се применува триангулација од секундарна демографска анализа и историографско- компаративна метода. Извори на податоци се дескриптивните дистрибуции а стапки (со базен индекс за 2010). Архивскиот материјал за овие цели е користен од Државен завод за статистика- Р. Македонија, Светска банка, Transparecy International, World Press Freedom. Единици на анализа се економско демографските контнгенти, а конститутивни ентитети се општествените промени. Предмет на анализа е новата втемелување на новиот модел на слојна стратификациска структура. Проблем на анализа е комплексот агенси (приватизацијата на претпријатијата и корумпираноста на политичките елити) опфатени во процесот на транзиција. Ваквиот избор не е случаен, имено, во целиот регион- први два социјални проблема врзани за приватизацијата се сиромаштијата и невработеноста, а трет е корумпираноста.

Од структурален аспект, трудот е сегментиран на пет нивоа.

- Прво, претставен е теоретски модел на компаративна анализа на регионалните и глобалните политичко- правни и социо- економски процеси, состојби и ентитети и економско- демографските диспаритети во процесот на општествените промени.

Предност е придонесот за социологијата, преку инкорпориран графички модел на димензиите на макро- општествени промени.

Недостаток е фактот што за состојбите во Р. Македонија, делумно се генерализира (иако се земаат за валидни) на основ на комбинација од податоци за земјите во регионот, а како последица на дефицит од социолошки истражувања на оваа проблематика во Р. Македонија.

- Второ поставена е нацрт- анализата во истражувачките цели.

Во неа се дефинирани предметот, проблемот, целите, хипотетичкиот став, комбинацијата од методите и изворите за анализа.

- Трето, на теоретско ниво, мапирани се консеквенциите од дисјункцијата меѓу de jure поставените и de facto спроведените зафати во процесот на транзиција.

Се упатува на влијанието на принципите на младите демократии врз макро- економската стабилност, но се упатува и на високо- напонската корупција, во процесот на клучните моменти од приватизацијата, кој оди во прилог на продлабочување на јазот меѓу слојните групи, заради депривацијата од канали за социјална мобилност на масата наспроти привилегијата на елитата. Во поширок општествен контекст, пред се политички и

економски, историски и развоен, толкувани се фрекфенциите за пропорциите на различни стапки на релевантни демографски индикатори.

Недостаток е дефицитот од секундарни извори на податоци од известувања во печатените медиуми. Тоа е индикација за низок степен на слободни и независни медиуми и за високиот степен на резигнираност на граѓаните. Инаку, по стапката на невработеност и сиромаштија, корумпираноста во транзиционите зафати е трет ризик- фактор врз процесот на демократизацијата.

- Четврто, преку анализа на сегментираноста на пазарот на труд и новата образовна структура на активното население, се објаснуваат диспаритетите меѓу стапките во трендот на макро- економскиот раст (бруто- домашниот производ/ по глава на жител) и економско- демографски развој (соодносот меѓу образовната структура и секторите на активност на трудовите контингенти), и тоа лонгитудинално, по основа на базен и верижни индекси.

Предност е што се кристализира претставата за позиционираноста на населението согласно дистрибуцијата на доходот.

Недостаток е отсуство од јавно достапни податоци за статистичките движења, во целиот период и за сите релевантни варијабли, од страна на Државен завод за статистика- Р. Македонија

- Петто, под влијание на економско- демографските структурални промени во активното население, како и структурниот пад на нивото на животниот стандард на домаќинствата, под влијание на макро- економските политики, е мапирана новата стратификациска структура.

Предност е понудениот визуелен, метрички и теоретски кредибилен одговор на предизвикот на комплексниот наслов.

Недостаток е институционалната неможност да се спроведе истражување за стапките на социјална мобилност, па за таа цел, при толкувањето, се земаат некои канали кои во регионот се сметаат за релевантни и тоа при интрагенерациската социјална мобилност.

# I. ИСТОРИ(ОГРАФ)СКИ ПРЕСЕК

## 1.1.Култот на личноста на Ј. Броз во едно- партискиот систем на четвртата Југославија

Од денешната призма, историјата сведочи социјален инженеринг, во кој, како што нагласува В. Парето, таа е гробница на аристократијата. Со падот на Берлинскиот ѕид, 1989- Западниот Балкан ја менува доминантната идеологија и под влијание на системските промени населението се раслојува. Како што забележува К. Попер- социолошката методологија упатува на потребата од анализа на улогата на некои неповторливо особени личности и на објаснување на класните разлики кои се случуваат под влијание на политичките и економски промени (Попер: 2001).

Клучна карактеристика на психологијата на широките народни маси во едно-партиските системи е тенденцијата на истите, не- критички да ги валоризираат политичките лидери. Анализата на комуникологозите, потврдува, дека во практиката, тоа е еден модел на индоктринација, кој се спроведува преку планско и контролирано ширење на идеологијата, во правец from Top to Bottom. Манипулацијата се спроведува со посредство на пропагандата. Така, политичката елита**,** ја одржува монополската положба, со посредство на идеолошкиот апарат (средствата за културна репродукција).

Имено, под поимот култ на личноста се опфатени некритичките глорификувања на улогата на (харизматските) политички лидери. Карактеристика е безрезервната доверба, поданичкото однесување, чувството на страво- почит (Todorović; Nedović: 1996). При тоа, водечките политички идеолози не дозволуваат замерки на политичкиот систем и партијата (Krešić: 1968). Карактеристики на однесување во масата се нивелирање на индивидуалните разлики и општа хомогеност на однесувањето, целосна интелектуална инфериорност, наивност и неспособност за заклучување, како и промена во емоционалното однесување (Ле Бон: 1997).

Според блокот квалитативни показатели, ваквата констатација се потврдува во практиката, (Tomič: 2003), имено:

- ✓ постои авторитет кој применува монопол на политичка моќ, и е обдарен со харизма кон која се негува култ

- ✓ постои свест за моќничка класа (како малцинска елита), способна да ги контролира конфронтациите (тука синдикатот во класните борби)
- ✓ сугестибилноста на аудиториумот расне, кога се пласираат идеи кои не се сосем јасни
- ✓ заради постигнување легитимност, ставовите на идеологијата се во склад со признаените начини на мислење (се потпираат на сугестибилноста на аудиториумот)
- ✓ се инсистира на класна свест.

Тоа значи, како последица на политичкиот популизам, кој поставува бариери за демократски институционален инженеринг, постои етатистички модел на политичка социјализација и втемелена поданичка граѓанска култура[1]. Еден пригоден пример се ставовите од сондажите на јавното мнение во однос на перцепцијата на социјалниот статус. Имено, кај претходно работничката класа, се манифесира феноменот на титосталгија, па често и покрај ниските доходи во домаќинството и ниското ниво на задоволство од животниот стандард, истите се сместуваат во категоријата работничка класа, со илузија дека се наоѓаат во привремена невработеност. Друг пригоден пример се честите говори од типот:

- *Порано беше многу подобро, сега е полошо.*
- *Добрите стари времиња.*
- *На крајот на краиштата, па не ни беше ниту толку лошо*
- *Точно дека бевме сиромашни, но ништо не ни недостигаше*
- *Немаше ништо, а бевме среќни.* (Великоња: 2010).

Тие се модели на евалуативната политичка социјализација, (иако упатуваат на илузорна перцепција) и го потврдуваат ставот за поданичката и етатистичка политичка култура.

Илустративно, општествената елита, го одржува населението во контрадикторна класна позиција, со ограничени можности за практикување на прокламираните еднакви можности за успех, а тие се ништо повеќе од декларативни идеали. Оваа теза се потврдува и во практиката. Имено, доколку исклучоците го потврдат правилото, тогаш емпириските податоци од наодите на истражувањата[2] ја потврдуваат претпоставката дека средно-

---

[1] Согласно идеал- типските конструкти на G. Almond; S. Verba.

[2] Во прилог, потврдена е тезата преку емпириските податоци, кои се анализирани во делот за економско-демографската анализа (во глава III)

школската младина чие семејно потекло е од пролетерските домаќинства, имаат исти аспирации и можности да ги наследат своите родители и речиси ништо друго. Тоа значи дека социјалистичкиот модел, поставува рестрикции кон социјалната мобилност. Илустративно, ретки се случаите кои ја потврдуваат веројатноста син на земјоделец во руралните региони, да биде поддржан да специјализира за хирург.

Ваквата состојба има сериозна социјална последица. Имено, како ефект од влијанието на класната свест и репродукцијата на класната позиција, при аранжирањето на браковите- сопружникот се бира од иста социјална позиција, евентуално, но ретко- таа до својата.

Анализата на социјалните психолози, потврдува дека работничка класа е peer group од граѓани чија политичка социјализација, ја репродуцира свеста за резигнираност. Имено, во социологијата на семејствата, хабитусот на пролетерските домаќинства (како нивна културална димензија), упатува на изборот на неоходноста- кога од потребата се чини врлина (Milić: 2008). Тоа значи дека, тие се сервилни, конформирани во нормативниот поредок и вредни. Во ваквите системи, потребни се токму таквите граѓани (со не- развиена потреба и способност критичка позиционираност. Така, тие се објекти на манипулација, наместо активни субјекти во општествениот прогрес.

Социјалниот инженеринг, од ваквиот прототип генерира просек (и статистички дистрибуиран меѓу економско- демографските белези и психо- социјалните карактеристики на населението). Имено, институциите на државниот идеолошки апарат (образование, семејство, правосудство, политички систем, синдикат, средства за масовни комуникации и информации и други институции за културна репродукција) функционираат преку симболичка идеологија, односно примерни методи на казнување по номотетски образец (како не треба, наместо приказ како треба), со цел да се дисциплинираат и пастирите (државните репресивни апарати) и стадата (граѓаните, како пасивни и резигнирани конформисти и активни конзумеристи на доминантната идеологија). Класната основа е последица на ваквиот социјален инженеринг. Имено, работничката класа (пролетеријатот) нема моќ (без социјален дијалог и работнички движења), ниту пак има веројатност за постигнување социо- професионална мобилност, логично- ниту можност за интер- генерациска. Оттука, претставите за еднаквост и

праведност, како и за успешна макро- економска политика во социјализмот се чист мит и истите се една димензија од аргументите за причините за крахот на системот.

Со цел да се аргументира тезата за раслојувањето, упатувам на комапартивен преглед. Имено, денес- анализите на South- East European Social *Survey* Project (во Ѓуровска: 2011) кои се однесуваат на земјите од Западен Балкан, нагласуваат дека приближно 75,0 % од вкупното население е сегрегирано во ниско поставените слоеви од структурата. Станува збор за пасивно население. Тоа е истата категорија, која во претходниот систем беше вклучена во секундарниот сектор од стопанството. Ваквите состојби се последица на комбинирани објективни фактори (круцијален е приватизацијата на претпријатијата).

- объективни фактори (социо – економски)
  - низок месечен приход во домаќинствата кој (меѓу 6 000 - 12 000 мкд),
  - висока стапка на невработени (приближно 30,0 %),
  - ниска стапка на вработеност (приближно 40,0 %)
  - висока стапка на дејности во неформалниот сектор (приближно 40,0 %).
  - ниска стапка на бруто домашниот производ/ по глава на жител (9 000 $),
  - висок коефициент на нееднаквости Gini (приближно 0,40)
  - лимитирано социјално значење и дезинтегрирачки карактер на пазарот на труд
- субјективни фактори (социо – културни)
  - перцепција на невработеноста како транзитна состојба и манифестации на етатистичка култура
  - свест за припадност во „средната класа“ и покрај ниските приходи и несигурните работни места и фактот дека во претходиот систем припаѓале на работничката класа
  - високо ниво на незадоволство од животниот стандард кај категориите кои се перцепираат како „средна класа“
  - носталгичност кон минатото.

## 1.2. Карактеристики на командната економија и класната структура

Анатомијата на институционалните основи на планско– стопанскиот систем, претпоставува пазар, општествено планирање на развојот и општествени мерки за регулација. Тоа е механизам преку кој се заштитува заедничкиот самоуправен и општествен договор, односно- автономноста од уставните права и одговорности. Тоа упатува на:

- претпоставка за развој на социјалистичкиот самоуправен социо– економски однос
- претпоставка за развој на системот на проширена репродукција
- елементарен критериум за реализација на процесот на планирање
- претпоставува етаблиран анти- монополски систем и механизми за одбрана на единственоста на Југословенскиот пазар
- економските закономерности на пазарот се темелат на стоковното производство (Jurin, *ed.*: 1977).

На патот кон развој на егалитарните општествени односи, потребно е самоуправниот социјализам на четвртата Југославија:

- да послужи како оптимална рамка за остварување максимизација на општествените еднаквости и елиминација на не- еднаквостите
- да послужи како оптимална рамка за решавање на класните борби
- да претпоставува и бара реално и целосно изедначување во темелниот општествен процес на материјална продукција и репродукција.

Основата е континуирано висока одржливост на среден ранг на развој на индустрискиот сектор, во сите сфери. Ваквата поставеност е поддржана од принципите на командната економија, темелено на стоковно производство, а квалитетниот економски просек, како и одржливоста на работничка класа во стратификациската структура на социјалистичкото општество, се должи на способноста за континуиран раст на индустриското производство, а особено на многу високата концентрација на нафтена индустрија и други круцијални индустриски гранки.

Приказ 1. „Просечна вредност на производство (1959 – 1969, СФРЈ)“[3]

[3] Од методолошки аспект, категоризацијата се спроведува согласно следниот критериум за вредности на индекс по сразмерска скала

| категории | вредносен лимит |
|---|---|
| многу висока | 100 |

| | |
|---|---|
| висока | 75 – 99 |
| средна | 50 – 74 |
| ниска | 25 – 49 |
| многу ниска | < 24 |

| | |
|---|---|
| јаглен и кокс | 72.83 |
| бродоградба | 88 |
| градежна индустрија | 55.33 |
| гумарска индустрија | 84.5 |
| дрвна индустрија | 43 |
| електроиндустрија | 82.67 |

| | |
|---|---|
| индустрија за кожа и обувки | 59.33 |
| индустрија за хартија | 57.67 |
| метална индустрија | 88.33 |
| нафта | 98.83 |
| неметали | 93 |

| | |
|---|---|
| обоена металургија | 86.67 |
| прехранбена индустрија | 51.83 |
| текстилна индустрија | 39.83 |
| тутунска индустрија | 55 |
| хемиска индустрија | 76 |
| црна металургија | 85.5 |

*Извор.* (Jurin, *ed.*: 1977).

Вака развиениот секундарен сектор, ефектуира со доминантно работничката класа. Во пирамидалната структура не станува збор за статистички просек, туку- тоа е фрекфенција со модална вредност *Mo* 75,70 %- односно во демографска смисла- со пропорција > ¾ од населението. Тоа во социо- економска смисла, значи дека постои **разлика меѓу категориите работничка и средна класа**, а оттука средната класа е повеќе од јасно дека не го отсликува општествениот и статистички просек на населението. Единствено, доколку се погледне анфас, категоријата средна класа- ја дели пирамидалната стратификациска структура на два еднакви дела- но тука станува збор за категорија со медијална фрекфенција- *Me*. Истиот феномен е последица од позиционирањето на овие категории- трудови контингенти на повисоко ниво, под влијание на факторите кои упатуваат на позитивни социо- културални валоризации на занимањата. Имено, средната класа, генерално ја сочинуваат чиновнички занимања (учествува со 7,50 % во активното население) и категоријата стручњаци (со 7,0 %), па според едноставната класификација се одликува со бели јаки (во однос на работничката- со сини јаки) и оттука ужива повисока репутација.

Затоа тезата дека социјализмот е општество на средната класа, или дека е концепт за егалитарност е дефинитивно оспорена. Во прилог, прво, таа учествува со 14,50 % и второ- мнозинството од населението има не- еднаков пристап до приходите, институциите на системот, титулите и високо платените занимања (во однос на општествената елита која учествува со 1,10 %).

Дополнително, градот како социолошки феномен е во функција на шаховска табла, каде секоја фигура согласно статусот и функцијата е позиционирана во специфичен хабитат, а можноста да се движи ја отсликува и веројатноста за социјална мобилност. Станува збор за **класна сегрегација во урбаниот простор**.

Илустративно, прво- се градат резиденцијални зони (елитниот кварт Дедиње во Београд, а во Скопје- резиденцијалниот комплекс на Водно) во нив е населена елитата, која слободното време го минува во секундарно образование, висока уметност и одбран спорт, патувања.

Денес, овие зони се жртва на наездата од класите во подем**.** Имено, ваквите и ред други високо котирани квартови се населени од категоријата les nouveaux riches, секако не

случајно- тоа е статусен симбол со кој се прикажува новиот социјален статус. Станува збор за „хероите“ на општествата во трансформација. Генерализиран приказ на социјалниот статус на оваа категорија, го добива следниот формат: семејно потекло од ридско- планински предели во економски нерзвиени демографски реони и со ниско квалификувана средна стручна подготовка, како и сомнителна биографска скица. Тоа се недостатоци кои потоа „се пеглаат“ преку следење на модата за инстант- студии, како и вешто ткаење митови и легенди „за личните пожртвувања на стрмниот пат до успехот“ кои се презентираат во популарни тв емисии во „тампон- време“ и ексклузива во рубриката- омнибус, чија латентна цел на уредникот на печатот е профит.

Нивната успешно постигната социјална мобилност, очигледно, не е последица ниту на семејната лоза, ниту на образовните титули- тие се димензии на културниот капитал. Тука, интервенирачки канал е социјалниот капитал, кој поттикнува култура за инструментализација на службените контакти (побратимување со високи моќни функционери, најчесто за да се реализираат лични бизнис- интереси). Во таа насока, наодите од истражувањата[4] нагласуваат дека однесувањето на поединците, главно, е мотивирано од контекстот (кога се расудува за некој случај, се има предвид неговата личност, особено положбата и професијата). Превземањето било каква акција (вработување, упис на факултет, одење на лекар, купување автомобил, добивање тендер, добивање проект и сл.) се смета дека нема да се заврши брзо и ефикасно, без свој извор на информации, или *врска* која ке ја поддржи намерата. Илустративно, директор кој е во дилема кого да вработи: дали кандидатот кој има добри професионални перформанси или роднина кој нема квалификации за тоа работно место, иако по правило би требало да се вработи квалификуваната личност, сепак тој пред сѐ би ги вработил своите роднини. Но, аналитичарите упатуваат на една опасност: поредокот во кој поединци, групи или претпријатија имаат привилегии, е основата врз која опстојува корупцијата. Така, корупцијата се трансформира во општествен принцип, чија последица е поредок во кој не владеат институциите, туку привилегираните функционери (моќта им припаѓа на поединци, но не на институцијата).

---

[4] Спроведени со цел да се мапира културен модел на Балканот- во Македонија и Бугарија, реализирани 2002, адаптирани на индикаторите на Geert Hofstede. Објавени во (Ѓуровска: 2008)

Имено, преку вклученост и поврзаност со високи функционери во политиката и преку заткулисни коруптивни активности од високо ниво, легално се овозможува поседување акции и добивање тендери во приватниот сектор. Велам легално, бидејќи, законската регулатива за спречување на корупцијата е декларативна и во практиката оди во прилог на истите моќни фигури- тие го донесуваат Законот, прилагоден така да на себе не повлечат негативни консеквенции. Ова е една од димензиите на криминалитетот на белите јаки. Парадокс е начинот на кој се одржуваат- преку прилив на финансиски средства кои се наменети за финансирање под назнака „донации“ (за изборни кампањи, на проекти во граѓанскиот сектор, во хуманитарни настани, па и изградба на религиски, здравствени и објекти за рекреација).

Во услови кога конституционалниот столб не се темели на стабилен уставен и законски поредок, ваквиот криминалитет е организиран и се прифаќа „здраво за готово“ како секојдневна рутина. Затоа тој по- успешно функционира од секоја политичко- правна институција. Илустративно, за секоја област од општеството, постои и посебна мафија: нарко- мафијата, просветната мафија, медицинската мафија, фармаколошката мафија, градежната мафија. Не постои прашање и проблем кој не е покриен. Тие се меѓусебно поврзани- вмрежени и испреплетени, односно- организирани, ланчано- linkage (метафорички- рушат ѕидови, трампајќи услуга за услуга). Тоа е форма на организиран криминалитет и секој обид за излез од оваа „игра“ е конфликт и често завршува со паѓање жртви на перфиден начин- (преку заговор, политички монтирани процеси, ликвидација).

Така се поткопува стабилноста во насока на општа пропаст. Практиката потврдува дека превентивните политики се не- моќни, едноставно не постои механизам кој безбедносно и правно им гарантира заштита на пријавувачите на корупцијата, а каналите преку кои се спроведува, често се недостапни за истрага на надлежните органи, па тужбата се оспорува заради недостаток на докази. Оттука и резигнираноста на граѓаните да се вклучат во радикални промени во суровата и ризична реалност.

Оваа теза, која очигледно е компатибилна на состојбите во практиката е во функција на заштита на префиксот квази. Имено, станува збор за феноменологијата на криминалитетот на белите јаки. Илустративниот пример е компатибилен и со научната

теорија. Имено, според криминолозите (Сулејманов: 2000), основни карактеристики на криминалитетот на белите јаки[5] се:

- ненеасилно и прикриено, со користење проневери, се врши од страна на припадниците од највисоките социјални слоеви, а жртви се сите граѓани и институции кои не се во можност да се заштитат заради незнаење, неинформираност и отсуство на финансиска спретност во борбата за своите права
- моќните функционери ги прекршуваат законите и никому не одговараат, заемно соработуваат преку анонимни комуникациски структури меѓу политичари, судство, полиција, администрација, односно си потпомагаат и се известуваат за бизнисот, поврзани со политички моќните фигури
- бележи посебна заштита од казнување и гонење на сторителите, во крајна инстанца- ваквите случаи се изнесени пред граѓански судови или комисии, наместо да бидат соодветно кривично гонети
- зафаќа области на стопанската деловност, финансискиот сектор, медицинските услуги
- опфаќа попречување на трговијата, неточно изнесување факти во маркетингот, повреда на патенти, заштитни знаци и авторски права, нечесни деловни зделки, финансиски проневери и злоупотреба на довербата и службената положба.

Второ, средната класа живее во општествени станови (кои потоа беше обврзана да ги отплати). Тоа е централното градско подрачје- опкружено со институции украсени со наменска уметност (една од димензиите на пропагандата). Пригоден е примерот со комплексот блокови и кули- градски ѕид во Скопје (кој го пресекува центарот) во кој, најчесто- старите скопјани кои до земјотресот 1963. живееле во Пајко Маало, Дебар Маало, Ново Маало, Маџир Маало и тн., а останале без домовите и кои можеле, се доселиле во овој реон. Денес, не ја уживаат репутацијата ниту на слично ниво како во тогашниот период. Тоа е последица од промената на вредносната матрица и доходот во домаќинствата на основ на пензијата- речиси не е во можност да ги покрие основните потреби дефинирани според просечно- потрошувачката кошничка. Парадоксално, и покрај

[5] Според E. Sutherland- „whitecollar criminals“-сторители на „corporate crimes“ и „occupational crimes“, а акциите и од една од типот- „something for nothing“ може да остави далекусежни последици во општеството, посериозни и од стотина улични кражби.

фактот дека некогаш биле високо вреднувани заради припадноста на семејната лоза, образовните и други постигнувања (носители на партизанска споменица), работната позиција и светоназорот.

Оваа теза, која очигледно е компатибилна на состојбите во практиката е во функција на феноменологијата на класната сегрегација во урбаниот простор. Имено, ваквиот феномен е на две основи- традицијата и економската моќ. Прво, некои квартови во градот се населени подолг период од една класа и второ, економската моќ- овозможува спонтаност во населувањето и апстрахирање од било какви норми (Ацески, 2003).

Трето, се градат и посебни комплекси (воени згради, но и солидарни станбени објекти и павиљони). Класичен пример за случајот со работничката класа е градењето на сателитски населби. Имено, работничката класа- масовно ги напушта родните села преку внатре- емиграциониот бран во повоениот период, тука примарни фактори се економските предности од продорот на индустријата, масовното образование и урбанизацијата. Такви населби се (Усје, Автокоманда, Железара- во Скопје), тука слободното време се минува пасивно, масовно конзумирајќи ги ниско квалитетните продукти на серискотo производство.

Денес, првите поколенија на овој, може да се каже, чесен етос, се горките плодови на транзиционите промени. Под влијание на политиката во предвечерјето на трансформацијата и на наказната идеологија, дистрибуирана низ широките народни маси, од страна на актерите во институциите за културна репродукција кои преку медиумските индоктринации, перманентно манипулираат со политичката социјализација. Истите ликови кои со години го вртеа истиот филм и сега кога конечно ја уништија перспективата на граѓаните, парадоксално, и натаму јавно говорат дека цело време биле во право. Дополнително, фактор се и урбаните босови по квартовите, кои преку deal со корумпираните функционери меѓу органите за внатрешна безбедност ја одржуваат еколошката дисперзија меѓу квартовите во градот.

Илустративно, најчесто, младите од до- тогашните работнички семејства, влегуваат како просечни граѓани, но преку процесот на диференцијална асоцијација се прилагодуваат кон контра- културните репери и стануваат малолетни деликвенти.

Но, постои граница, и кога таа граница ќе се премине, тогаш- паѓаат сите изговори за општествените услови во процесот на примарната социјализација (макро- економските

депресии, меѓународните санкции, кризата на легитимитетот, војните, меѓу- етничките конфликти и омраза, но и вредносно- нормативната руптура, како и влијанието на дисконтинуитетните стапки на диворзитет, суицидални инциденти и пораст на стапките на криминалната статистика). Односно, до оваа граница доаѓа младинец фрустриран за степенот до кој не е способен да го контролира, насочува и менува својот социјален статус, а границата ја преминува човек без личен интегритет и обележан со стигма (шверцерот, дилерот, рекетарот, коцкарот, наркоманот)- кому му се отвора полициско досие. Во ваква позиција, за да ги избегнат пеналните мерки, спогодбено, работат во служба на државните интереси и под контрола на надлежните органи. Па, повторно, немаат можност да го изберат патот, сега тонат во дупло дно. Стигмата е сложен општествен конструкт- управува со впечатоците, го формира социјалниот идентитет, ја конструира социјалната интеракција**.** И. Гофман визуелизира пример- стигмата е карактеристика која е длабоко дискредитирачка, на пример момче од средната класа нема да чувствува грижна совест доколку го видат во градската библиотека, но исказот на еден професионален криминалец по тоа прашање гласи „...кога одам во локалната библиотека, пред да влезам, некоклу пати погледнувам преку раме, за да бидам сигурен дека никој не ме познава...“ (Gofman: 2009). Според анализите [6] во социјалната психологија, перцепцијата на неправедната дискриминација од екстерен извор, се манифестира со гнев, или луѓе одбивани со дискриминација кои со повисок интензитет би биле деприминрани, анксиозни, гневни. Натаму, друг екстрем е фактот дека луѓе кои имаат негативен однос кон изворот на дискриминација, одошто на себе, имаат повисоко ниво на самопочит, тоа изгледа вака „јас не сум виновен, туку надворешен фактор ми врши предрасуда“, така обезвреднувањето на личниот фактор е право- пропорционално со високото ниво на самодоверба (Mayor; Brenda: 2002).

Оваа теза, која очигледно е компатибилна на состојбите во практиката е во функција на феноменологијата на малолетничката деликвенција од нижите класи. Илустративниот пример е компатибилен и со научната теорија. Имено, според теоријата за културна депривација на нижите класи, социјалниот патолог, А. Коен ги нагласува основните последици од статусната фрустрација: Младите момчиња од ниските

[6] Наоди според истражување на Schmitt; Branscombe, каде клучен концепт е принципот на обезвреднување, чија теза нагласува на потценувањето на веродостојноста на изворот на дискриминација.

работнички класи имаат аспирации кон целите за успех на доминантната култура, но главно, заради неуспехот во образованието и бесперспективната работа, која единствено можат да ја добијат, немаат речиси никакви шанси да ги остварат тие цели. Тој неуспех може да се објасни со нивната положба во општествената структура. Отсутноста на образовниот успех на припадниците на ниските работнички слоеви се припишува на *културната депривација.* Заглавени на дното од стратификацискиот состав, каде патиштата за успех им се узурпирани, овие млади патат од *статусна фрустрација*, така, фрустрирани се и незадоволни од својот низок социјален статус. Својата фрустрација не ја решаваат со тргање кон стапката на криминалитетот, за да дојдат до успех, туку, преку отфрлање на целите својствени за доминантната култура. Заменувајќи ги со други норми и вредности, во чии рамки може да остварат успех и да се стекнат со репутација. Резултатот е *деликвентната субкултура*. Таа, е колективно решение за заедничките проблеми на оваа категорија малолетници. Деликвентната субкултура не само што ја отфрла матичната култура, туку, ги превзема нормите од доминантната култура и „ги превртува на глава“. Така, голема вредност се припишува на активностите какви се: крадењето, вандализмот и бегањето од часови, активности кои се осудувани од околината. Во деликвентната субкултура, насекаде се наоѓа некоја злоба, некое уживање во неугодноста на другите, некоја радост во кршењето на табуата. Но, деликвентната субкултура е повеќе од чин на пркосување, повеќе од негативна реакција на општеството кое на некои свои припадници им ги скратува можностите. Таа нуди и позитивна награда. Оние кои успешно функционираат во категоријата вредности на субкултурата, во претставите на своите врсници постигнуваат рспект и репутација. Така, кражбата не станува начин на постигање успех во смисла на доминантните вредности, туку- `ценета активност за која се врзува слава, јунаштво и длабоко задоволство`. На тој начин, овие млади го решаваат проблемот со статусната фрустрација. Тие ги отфрлаат доминантните вредности, кои не им нудат речиси никакви можности за успех и ги заменуваат со девијантни вредности, во чии рамки може да бидат успешни. Значи, не станува збор за деликвентни дела мотивирани од парична корист (Haralambos; Holborn: 2002).

Четврто и конечно, во т.н. „егалитарно“ општество, постојат гета и сламови, тоа е остро- ризичниот кварт- (со ниски форми на деликвенција- Топаана- во Скопје). Оваа категорија е депривирана од пристапот до институциите и ја формира категоријата

социјално исклучени лица. Нивните домаќинства се со нецелосни семејства со случаи на морбидитет, сместени во импровизирани и руинирани живеалишта со суб- стандардна инфраструктурна опременост. Тие се соочуваат со граничната точка на апсолутна сиромаштија.

Прво, ваквата позиционираност, значи дека во практиката се констатира симболичката затвореност на елитите во урбаниот простор, со што дополнително, повторно, аргументирано, се оспорува митот за егалитарност. На тој начин се одржува еколошката дисперзија.

Второ, ваквата теза е во прилог на теоретската парадигма за масовното општество. Имено, во општествените науки, постои косензус дека процесот на политички, економски и демографски промени не е единствен. Тоа значи дека во почетните фази од развојот на младите демократии со промената на социо- економскиот статус и под влијание на плуралитетот од идеолошки правци и процесот на секуларизација, се менува и експлицитната и имплицитна култура (Коковић**:** 1997). Тука влегуваат Mass Society Theory и The Politics of Elite Culture. Во обидот да се диференцираат категории на слоеви согласно хабитуизираните практики, социолозите чија специјалност е културата, постигнуваат консензус дека станува збор за сепарирани групи согласно „вкусот на класата“, метафорички- „секоја птица лета во своето јато“, или според максимата на К. Аденауер „сите сме под исто небо, но не со ист хоризонт“. Одлучувачки фактор е класната припадност, а не суб- културниот вредносен систем. Имено, на хиерархијата на вкусовите (според Gans) елитната култура е на врвот (*Societe Cremme*). Нејзината позиција со привилегии за моќ на одлучување и можност за финансирање, им озовможува патент. Оваа култура е супериорна, а останатите безуспешно се обидуваат да ја следат преку масовното производство, кое ги задоволува потребите за широката публика. Имено, елитната култура е финансиски и просторно тешко достапна, за нејзино толкување потребно е соодветно образование и социјална позиција, во споредба масовната култура која е лесно достапна, но е брутална и бессодржинска (ефтиниот кич и шундот) и се дистрибуира под контрола на културната политика и оттука претставува закана по хиерархијата на вкусовите. Трето, фолклорот, има предност во однос на масовната култура- автентичноста, и недостаток во однос на елитната- квалитетот и политиката на статусните симболи.

Овие културални парадигми се во прилог на описот на животниот стил на населението сегрегирано во различни квартови во градот, а согласно класната припадност.

Интринзично се наметнува прашањето- зошто од денешна перспектива, тој животен стандард изгледа илузорно по- пристоен.

Прво, социо- економската предност во минатиот систем е што за неговата класна структура не се својствени- категориите на двата прага на сиромаштија и на двата прага на социјална ексклузија (кои на пост- социјалистичките општества се задолжтелни сопатници во развојот). Ваквата констатација, повторно, не го исклучува фактот за длабочината на диференцијалниот јаз и поларизацијата меѓу контрадикторната класна позиција, за социјалистичкиот систем е карактеристична јасна дистинкција меѓу категориите на класи (не се фрагментирани и се пирамидално напластени), независно од критериумот кој се зема за релевантен, а најчесто тоа е секторот на занимање- компатибилен на нивото на школска подготовка. Илустративно, во класната структура, од економски аспект, населението е позиционирано по вертикала долж пирамидата чии контури на долниот лимит, се темелени на хоризонтала од нула степени. Компаративно, денешната слојна структура, а како последица од трансформацијата и е вдлабната удолу, на начин кој ја отсликува пропорцијата на категориите- социјално исклучено население, тоа не ги ужива правата на граѓанственост, еднакви за сите државјани, туку живее човек со бескомпромисно непристоен животен стандард [*единствено се превземени бројките за проценти- од проект чии податоци се во* (Георгиевски: 1998)].

Приказ 2. „Класната стратификациска структура во Четвртата Југославија“.




Второ, според стандардите на макро- економската политика, земјите од вториот свет (со не- ефикасна индустрија) имаат далеку повисок животен стандард од оние без индустрија. Дури, не- ефикасната индустрија својствена за командната економија, бележи далеку повисок животен стандард, отколку што тоа денес го чини капитализмот. Односно, државите кои во процесот на трансформација се соочуваат со крах на индустриското производство доживуваат драстичен пад на приходот, но неефикасната индустрија, овозможува двојно повисоки плати, отколку капитализамот (Reinert, 2006). Понатаму, под влијание на симулакрумите, се бришат времето и просторот, а општеството е поимано како хибридна категорија. Почнуваме компетиција со сами себе, во услови на пазарна конкуренција, додека економијата во колониите е управувана од уни- латералните центри во првиот свет, а се во услови кога масовните медиуми се сервилни агенти на глобалните елити во новиот светски поредок.

3.1. Првиот фактор за крахот: меѓународниот долг и не- праведната не- еднаквост

Економската криза е последица од:

- падот на производноста и продуктивноста,
- не поволноста на репродуктивната моќ и ликвидноста,
- високата задолженост и
- високата стапка на невработеност (Мирчев; Христова: 2008).

Тоа значи, прво, централни економски фактори се меѓународниот долг и нееднаквата и неправедна алокација.

Прво, проблем е меѓународниот долг кон Меѓународниот монетарен фонд. Имено, задолженоста на Југославија во Меѓународниот монетарен фонд пред распадот имаше негативна консеквенција во однос на стапките на стагнација и депресија. Оттука, економската криза е производ на политичките потези и идеолошки состојби. Според некои аналитичари, причините за распадот се лоцираат исклучиво како намерна акција на меѓународните институции. Тоа значи, кризата на развојот не предизвика нестабилност, туку како причина за нестабилност во макро- економијата се посочуваат неефикасните политички потези.

Второ, проблем е нееднаквата и неправедна алокација. Имено, ваквиот аргумент е во прилог на прашањето- зошто Југословенската федерација се фокусира на начинот на производство, наместо на количината. Односно, социјализмот декларативно ветува еднаквост и економска праведност, но практиката води кон заклучокот дека земјите меѓусебно бележеа нееднаквост во развојот со соодност (3,5 пати, односно со 1,8 разлика после 35 години). Практично спорна е тезата за економска еднаквост во услови на политички нерамномерна дистрибуција на моќта (Јовиќ: 2009).

### 3.2.Втор фактор за крахот: неефикасноста на уставот и демократизацијата

Кризата на внатре – политичкиот поредок е последица од:

- делегитимизацијата на политичката елита,
- високото ниво на национализам,
- ескалацијата на меѓуетничките конфликти,

– не почитување на темелните одредби на Уставот (од 1974. на СФРЈ),
– бесправно и не легитимно донесување одлуки од страна на политичкиот столб, и
– лимитираност на граѓанственоста, човековите права и граѓанските слободи (Мирчев; Христова: 2008).

Прво, клучен политички проблем е Уставот донесен 1974, во прилог следи компаративен преглед на недостатоците

Приказ 3. „Уставниот поредок на СФРЈ“

| | | |
|---|---|---|
| општината во 1963 | уставот | – ја утврдува општината како основна општествено-политичка заедница<br>– ја воведува месната заедница<br>– ги посочува најважните функции на општината<br>– гарантира начело на моно- типна општина<br>– гарантира самоорганизација, преку статустот за самостојност<br>– ги поставува односите меѓу општината и другите општествено- политички заедници |
| | во реалноста | – преку зголемувањето на подрачјето на општините, општинскиот центар и неговите служби се оддалечија од селата и населбите во општината и од потребите на нивните жители.<br>– доаѓа до нужна спрега меѓу извршно- политичката власт и партиско- политичките врвови (вториве се доминантни носители на одлуки во општината)<br>– недоволна изразеност на граѓанска партиципација<br>– нерационални инвестиции и монополска позиција на организациите |
| општината во 1974 | уставот | ја идеализира и идеологизира самоуправната социјалистичка демократија.<br>Општината ја определува како:<br>– самоуправна заедница и<br>– заедница на власата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | во реалноста | заради противречниот карактер, претставува еден од факторите за крах на комуналниот систем.<br>– самоуправувањето одумира, а моќта на етатизмот расне<br>– општинските собранија се масивни тела неподготвени за работа, односно политичкото влијание е кумулирано во тесни формални и неформални тела и групи<br>– формите на политичка партиципација на граѓанственоста (референдум) главно се афирмираат како форми на политичка консултација.<br>– материјалната состојба на општините е неадекватна на правата и обврските, а моделот на финансирање е парафискален.<br>Овој модел е ограничувачки во однос на развој и промена, односно, монотипниот модел на општина во Македонија се покажа како нефлексибилен. имено, нормативно и институционално, општините се еднакви, а практиката покажува дека се различни.<br>Во таа насока, се согледуваат два феномена:<br>– уставен модел- на кој е темелен институционалниот механизам на комуната и<br>– реален модел- врз основа на кој се одвива тековниот локален живот. |

*Извор.* (Силјановска Давкова; Митков: 2004)

Второ, политичките промени на ниво на изборите. Имено, тактичка грешка која со себе повлекува долгогодишни негативни консеквенции по стабилноста на системот е моделот- прво да се спроведат републички избори, а потоа сојузни. Ваквите состојби ефектуираа со вакуум просторот во транзицијата на демократските консолидации- наречена криза на легитимитетот (Јовиќ, 2009).

4. Визуелизација на концептот за макро- општествени промени

Концептот за општествени промени, е централен пробелем во овој труд- предмет на анализа е транзицијата, а глобализацијата е вметната во функција на комплетирање на претставата за општествени промени, лично наоѓам дека ваквиот генерален преглед за политиката на глобални токови, ги задоволува методолошките потреби. Но, исто, моите согледувања упатуваат на потребата од етаблирање на табеларен приказ за моделот на општествени промени, кој во социологијата би го имал следниот формат

Приказ 4. „Социолошки модел за макро- општествени промени“

| нивоа | димензии | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| национални транзиција | | ентитети во проблем | актери во акција | социјални процеси | институционални методи | структурални ефекти |
| | економско-демографски | претпријатија во јавна сопственост | пазар на труд, трудови контингенти | приватизација | брза и фронтална, масовна приватизација, па реконструкција, | мултидимензионално раслојување |
| | политичко-правни | национални влади | политичка елита и граѓани | демократизација | парламентарна демократија и пазарна економија | повеќепартиски систем, невладин сектор во развој, корумпираност |
| меѓународни глобализација | | ентитети во проблем | актери во акција | социјални процеси | институционални методи | структурални ефекти |
| | економско-демографски | Транснационални корпорации | WTO, IMF,WB | транснационален пазар | економска стабилност, светска трговија | нееднаква дистрибуција на вкупен доход |
| | политичко- | државите | UNCTAD, | унилатерал | меѓународн | дефицит на |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | правни | во меѓународните односи | NATO | но глобално владеење | а безбедност и соработка | суверенитет и автономија |

Имено, општествените промени, во современата социологијата се класифицирани во рамки на генеричкиот теоретски правец- тој ги толкува општествените промени со посредство на улогата на политичките актери. Имено, оваа теоретска парадигма ги објаснува демократските промени со посредство на четири димензии:

- фокус на самите процеси на промена на режимот
- акцентирање на можноста за плурална партиципативна изборна демократија
- во промените централни потези влечат политичките елити
- постои убеденост за неизвесен процес на транзицијата.

Имено, според ваквата поставеност, за регионот во пост- социјалистичка трансформација значајни се промените во следните две насоки:

- решавање на граничното прашање, политичка и економска трансформација
- етнификација на политиката (Pavlović: 2009).

Во однос на оригиналниот модел графички прикажан во првата глава. Првата димензија на општествените промени е транзицијата. Во македонското општество, нормално, се поврзува со распадот на СФРЈ. Оттука има круцијална позиција во овој труд. Во применетата социологија, комплексот од вкупните процеси, на комбинирани, структурални и радикални промени во политичката, економската, демографската и културалната сфера на општеството се дефинира со посредство на поимот транзиција. Овие промени се однесуваат на процесите на:

– 1А демократизацијата,
– 1Б промената на фискалната политика
– 1В приватизацијата.

Истите процеси влијаат врз промените на вредностите за

– 2А јазот меѓу социо- економскиот статус на населението

Според податоците[7] за 2010., Р. Македонија, се вреднува со коефициент 43,56. Тоа значи дека македонскиот модел на социјална стратификација бележи тренд на остра

[7] Според методологија се применува ранг скала со вредности [(егалитарни 0-100 диференцирани) земји]

поларизација меѓу фрагментираните слоеви. Односно, дека приходите на моќната елита несразмерно растат. Ова е индикација за коруптивни активности. Добар пример е некомпатибилноста на имотните листови со годишните доходи во домаќинствата. Парадоксот да добие поголема димензија некои земји во регионот на пример Босна и Херцеговина, со закон ја заштитија приватноста за отчет на информации од јавен карактер (за буџетот на функционерите).

(*извор на податоци* Извештај за Gini ratio (компатибилен на *Lorenz curve*)- Coefficient of National Income Distribution around the World- *Organization for Economic Co-operation and Development*)

– 2Б порастот на корупцијата од високо ниво

Според податоците[8] за 2013., Р. Македонија, со индекс 44, е рангирана на 67. место (две места поповолни vs 2012) од вкупно 177 земји. Тоа значи дека за еден коефициент ја надминува просечната вредност на корумпирани земји.

Последици на корупцијата од високо ниво се:

– го успорува економскиот раст, преку намалување на уделот на инвестирање во бруто домашниот производ
– го продлабочува индексот на социјална диференцијација, како што го заострува и продлабочува индексот на сиромаштија
– има деструктивно влијание врз макро- економскиот и демографски развој, преку намалување на акмулацијата на човеков капитал и
– има деструктивно влијание во инвестиции, како и кај политичката стабилност.

Корупциските афери и скандали кои излегуваат на површина, а во однос на илегалниот проток на финансирање во политиката, или прецизно- размена на финансиски донации за политички услуги разликува

- предизборен период: со илегално купување на гласовите од електоратот и
- креативен: со фалсификување титули и цел ланец активности во организираниот криминалитет (пристап до информации, изнудување рекет, принуда на приватниците да подмитат).
- пост- изборен: отплаќање на долгот- легално патронатско вработување, гласање на

[8] Според методологијата, се применува ранг скала со вредности [(високо- корумпирана 0-100 ниско корумпирана земја)]. На глобално ниво, 70,0 % од земјите се со индекс < 50 (високо корумпирани).

продажба.

Случајот со пост- социјалистичките земји и поврзаноста на приватизацијата со корумпираноста на носителите на јавни и државни функции, упатува на следните закономерности:

1) корупцијата во процесот на приватизација, претставува вид на неформално оданочување што го оптеретува приватниот сектор и инвеститорите
2) моделите на коруптивни активности вклучуваат:

- склопување штетни договори преку буткање на фирмата под стечај (стечајната мафија) која настојува на продажба по што пониска цена, а потоа обврските кон вработените да се редуцираат
- група која на директен или индиректен начин станува сопственик на огромен број фирми, паралелно си создава механизми да ги финансира партиите и кампањите, со што акумулира простор за натамошно влијание и моќ
- директен пристап до структурите на политичката елита, барајќи продажба преку модел на прикриен протекционизам
- дел од приватизацијата кој има политички мотиви, краткотрајно се покажува како економски ефикасен, бидејќи ефектуира од отпис на голем дел од државниот долг
- модели кога државните органи или функционери под нерасветлени околности дозволуваат сопственост на јавните претпријатија и институции под привилегирани околности, заради повеќеструко зголемување на цените на продажба
- зад голем број „успешно приватизирани случаи", стои потполно укинување на работничките права, заради вршење притисок над синдикатот.

*Извор.* (Letunić: 2011. Stojiljković: 2013)

(*извор на податоци* Извештај за 2013. Coruption Perception Index- *Transparency International*)

– 2В слобода на медиумите и јавното изразување

Според податоците за 2013., Р. Македонија, е рангирана на 116. место од 179 земји во светот. Тоа значи дека како последица од повлекувањето на лиценците за медиумите и зголемувањето на не- сигурноста за животот на новинарите, земјата е на дното во регионот со назнака- *забележителни проблеми*, а според извештајот- констатирано е дека

централни фактори се:

– судското малтретирање врз основа на често несоодветно законодавство,
– непристапност до јавните податоци,
– физичко и психичко насилство врз новинарите.

(*извор на податоци* Извештај за 2013. Press Freedom Index- *Reporters without Borders*).

Оттука, станува збор за сложен сплет од квантитативни варијабли, чии вредности за индекси по систем од социјални индикатори, се мери преку универзално адаптирана методологија од страна на статистички агенции, согласно операционална дефиниција, одередна во теоретскиот корпус на социјалните науки.

Втората димензија на општествените промени е глобализацијата. Во капиталното дело- „Вовед во анализата на светските системи“, И. Волерстин, се фокусира на улогата на економските фактори во светската историја за развојот на централните држави. Тука ги акцентира предностите на внатрешната стабилност на државата, прво- преку развиен бирократски систем, и второ- преку развој на армијата и легитимирање на нејзините надлежности. Нивното функционирање го поттикнува развојот на светското стопанство.

Врз формирање и одржување, раст и промена на националните отворени општества, влијаат глобалните нивоа и мрежи на економска, политичка и културна репродукција на човековиот живот, преку четири глобализирачки процеси: економскиот раст, третиот бран на демократијата, групно солидаристичката преродба и природно-околинската револуција. Четири последици од меѓународната поделба на трудот се: интернационализација на социјалните проблеми (меѓународен криминалитет, глад), интернационализација на стратификациската структура на општествата (формирање на меѓународни елити и продлабочување на глобалните нееднаквости), интернационализација на културата (преку влијанието на меѓународните медиумски организации), порастот на и импактот од новите социјални движења (Volerstin: 2005). Оттука, отворените национални општества се зафатени со процесите на глобализација.

Следно во низата капитални дела во современата социјална теорија е „Државата и социјалните движења“. Тука, Т. Скокпол ја етаблира теоријата за меѓународен систем на компетитивни држави. Целта е да ја анализира државата како потенцијално автономна целина, каде националниот макро- економски развој е детерминиран од вкупната структура и пазарната динамика на светскиот капиталистички систем. Во анализата на

револуциите тргнува од структуралната парадигма и согледува дека транснационалните односи придонесуваат за појава на сите револуционерни кризи и на тој начин неповратно потпомагаат во формирањето на револуционерните движења и нивните исходи (Ritzer: 1997).

Тоа значи дека Соединетите американски држави се главните актери во меѓународните односи (Шолте: 2008). Односно, преку контролата на натпреварот, Соединетите американски држави: прво- се склони кон територијалните прашања, второ- насочени се кон личниот просперитет и трето- придонсуваат за конкуренцијата во судирот на интереси за моќ. Тука главни актери се територијално суверените држави, а глобализацијата, прво како стратегија- упатува на натпреварот на неколку моќни држави во современата светска политика и второ- како процес- се сведува на стекнување, дистрибуција и примена на моќта. Но, меѓу Соединетите американски држави од една страна и Русија и Кина од друга страна, се манифестира конкуренција во судирот на интереси за моќ во политиката на меѓународните односи. Конкретно, Русија и Кина оценуваат дека најоптимална стратегија за надворешно– политички развој е создавање мулти– поларен свет со нова прераспределба на моќта. Парадоксално, современиот свет, не е против Соединетите американски држави. Имено, Америка е земја без која тешко може да се замисли современто општество и цивилизациите. Но, анти- американизмот е израз на отпорот кон ароганцијата на моќта. Од методолошки аспект, при одредување на интензитетот на нејзината хегемонија во сферата на економијата и политиката, се применуваат аналитички инструменти- три скали (голема, мала, средна) и комбинирана техника, изборот влијаат и политичко стратешките причини (Santos: 2002). Прviot метод се фокусира на влијанијата врз националните и локални подрачја, вториот- кон анализа на големите подрачја, а третиот- упатува на анти- хегемонистичкиот локален, национален и регионален отпор. Последните манифестации на отпор, се револт *кон ароганцијата на моќта на уни- поларниот систем. Се манифестираат на три нивоа: прво-* политичките лидери од земјите со радикална демократија, а и на оние со авторитарни режими, опонираат на моделот на конформизам и асимилација кон кои се залага хегемонскиот центар. Второ- меѓу демонстрантите, ваквите манифестации на револт, се во форма на општествени и на политички движења, на револуции и бунтови. Трето- граѓаните, во

сферата на граѓанскиот сектор, на глобално ниво- насочуваат притисок кон меѓународните односи и наднационалните институции (Mićović: 2001).

# II. МЕТОДОЛОГИЈА

## Дизајн за анализата

Научно- истражувачката работа се темели на post factum компаративни, a posteriori анализи на настани, кои се случиле во непосредното историско минато, а чии консеквенции по системот, се чувствуваат денес врз реструктурирањето на стратификациската основа на трудовите контингенти од вкупното население, (континуирано).

Аналитичка цел е да се истражи политичко- правниот и макро- економски контекст, во кој насочен економско- демографскиот развој. Потребно е да се споредуваат со статистички анализирани квантитативни податоци за неколку варијабли во историски пресек. За таа цел, потребно е да се одговори на носечките истражувачки прашања:

квалитативен блок:

1) во кој период и под какви политичко – правни и економско – финансиски околности се реализирала приватизацијата на претпријатијата со општествена сопственост
2) кој модел на приватизација е доминантна, кои се целите и клучните етапи

квантитативен блок:

3) кои се главните (поларизирани) ентитети во транзицискиот процес
4) кои се карактеристиките од социо – економските консеквенции:

позитивни:

- можност за странски инвестиции,
- веројатност за пораст на државниот буџет,
- подготвеност за лично основање компанија,

негативни:

- пад на бруто домашниот производ/ по глава на жител и пораст на неформалната економија,
- пораст на структуралната невработеност и ново- осиромашени домаќинства,
- пораст на корумпираноста на носителите на јавни и државни функции.

Конечна цел е мапирање на новиот модел на фрагментирана слојна структура, со за неа својствените егзогени агенси за социјална мобилност.

При одредување на фокусот на истражувањето, изведените судови и научни факти ќе се потпираат на квантитативни индикатори (дескриптивни статистички податоци за социо- економските трендови). Транзицијата– во економска смисла операционализирана преку- приватизацијата- како егзоген агенс за раслојувањето, ќе се анализира меѓу различни периоди, по базен индекс (2010), за клучни настани во Р. Македонија, како пример за пост-социјалистичка земја, која се соочува со предизвикот на преструктурирање на стратификациската основа.

За таа цел, се консултираат тековни статистики и извештаи за состојбите од меѓународни и национални агенции за демографски и економски статистики.

i. Социо- економскиот раст:

1) диспаритетите во стапките на Gross Domestic Product/ per Capita, според анализи на World Bank,
2) проценка на Coruption Perception Index- според анализи на Transparecy International
3) The Democratic Leadership Value, според анализи на Gap Freedom House и World Press Freedom Index според анализи на Reporters without Borders
4) социјалната нееднаквост- Gini ratio, според Human Development Index на Organization for Economic Cooperation and Development.

Од архивот на Државен завод за статистика- Р. Македонија, ќе бидат консултирани, следните извори на кодирани тековни статистики (во временски серии[9]) и статистички анализи (како јавни, примарни извори) за диспаритетите меѓу демографските контингети за:

ii. Мапирање на основните економско– демографски карактеристики на населението:

- дистрибуција на работата сила според степен на образование
- дистрибуција на приходите според главните групи на занимања
- стапки на сиромаштијата и социјална исклученост

[9] Компаративна анализа базна година 2010, споредбени- 2002-2003, 1994-1995, 1972-1974 г.. Годините се адаптирани со клучни социјални карактеристики

Ваквата сложена научно- истражувачка работа поставува методолошки бариери за поставување, општи, посебни и поединечни хипотези, затоа овој труд, од аналитички аспект започнува со поставување хипотетички став, кој гласи „промените во сопственоста и распоредувањето на политичката моќ, води кон претпоставки за етаблирање нова стратификациска структура“.

# III. ПОЛИТИЧКА ДИМЕНЗИЈА

## 1. Поим и функција на конститутивните елементи на политичко- правниот систем

Политичкиот систем е сложена компонента на општеството, чиј конститутивен ентитет е државата. Од методолошки аспект, анализите се позиционирани на две нивоа- прво- елементарни политолошки (проблематка е функционирањето на внатре- државните институции) и второ- студиите за меѓународни односи и дипломатија (проблематика е влијанието на меѓународните институции врз неефикасноста на автономијата и суверенитетот во дипломатските преговори).

Меѓу социолозите постои консензус- во парадигматски контекст, од структурално- функционалистичка перспектива, дека политиката е потсистем во општеството, а државните службеници дејствуваат во функција на реализација на поставените цели. Имено, станува збор бирократски модел на институција, односно- дефинитивен збир на меѓусебно поврзани норми, верувања и вредности центрирани на важни и повторливи социјални потреби и активности (Edgar *et al., ed.*: 2000). Конкретно- јавните институции (законодавната, извршната и судската власт), обврзуваат кон одреден начин на дејствување, преку правила (закони, судски одлуки, административни прописи и извршни одредби), за чие не почитување следат негативни санкции (субвенции, даноци, казни и затвор) (Elster: 2000).

Поимот држава, (преку целта– одржување стабилност) е втемелен во поимот институција. Во тој контекст, функционалистичката дефиниција на конститутивните аспекти на поимот држава ја определува М. Вебер. Имено, во првиот том од „*Стопанство и општество“,* моќта ја определува како веројатност, дека во рамки на еден општествен однос ќе се спроведе сопствената волја и покрај отпорот, независно на што се засновани изгледите. Оттука, власта претставува легитимна моќ“. Исто, државата ја дефинира како политичка организација со карактер на институција, чиј управен апарат остварува право на монопол на легитимна физичка принуда, на одредена географска територија, заради одржување на поредокот (Вебер: 1976).

Анализите на политичкиот систем, на суверените национални држави, особено на теоретско ниво, упатуваат кон општествените функции на политичките институции.

Уставниот инженеринг е фокусиран кон стабилизација на новите демократии, преку принципот на поделба на власта (според политичкиот филозоф Ш. Монтескје- „само власта може успешно да контролира“) на:

Приказ 5. „Оригинален принцип на поделба на власта“

| тип на власт | законодавна власт | извршна власт | судска власт |
|---|---|---|---|
| институција | собрание | влада:<br>премиер<br>министерства<br>секретаријати;<br>кабинет на претседател | основен суд;<br>апелационен суд;<br>управен суд;<br>врховен суд; |

Фундаментални општествени функции на политичките институции се следниве:

1) преку институционални канали за алокација, *формира*ат и *дистрибуира*ат политичка моќ
2) мапата на политички поредок ги *насочува* преференците и однесувањето на политичките актери
3) претставуваат автономија на политичкото тело: произведуваат норми и правила, *утврдува*ат процедури на политичко однесување
4) *обезбедува*ат стабилност и трајност на политичките процеси, односно план и предвидливост на политичкото однесување
5) ја *симплифицира*ат комплексноста на управување во современите општества
6) без нив би се *создава*ла општа општествена амнезија (Pavlović, 2011).

За целите на овој труд, прагматична е примената на елитистичката парадигма за функциите на државата, чиј претставник е Г. Моска. Имено, владеачката класа е малубројна и прво- ги опфаќа сите политички функции, второ- ја монополизира моќта и трето- ги ужива предностите од легитимната моќ. Класата со која се владее е мнозинството, кое дејствува според директивите на и надзорот од првата“ (Ritzer: 1997).

На второто ниво- студиите за светска политика, меѓународни односи и дипломатија, при класификација на варијантите на хегемонскиот државен систем, како критериум го земаат бројот на држави во меѓународните односи, во кои е концентрирана

моќта за глобално одлучување. Имено, од историски аспект, ги опфаќа следниве три идеално типски модели:

- униполарноста (САД, денес)
- биполаризмот (блоковската поделеност – САД и СССР, до 1989 година)
- мултиполаризмот (петте големи Европски сили, по 1815 година) (Виоти, *et al.*: 2009).

Социолошката анализа на функцинирањето на меѓународните институции е содржана во капиталното дело „Управувањето оттаде националната држава“, каде М. Цирн се фокусира на три нивоа: безбедноста, општествената добросостојба и подрачјето на финансии и монетарна политика. Генерално, упатува на одреден степен на дефицит од ефикасноста во управувањето на истите. Во таа насока, предлага четири форми на управување: конститутивно, дистрибутивно и регулативно уредување, но и редистрибутивна политика. Имено, овие би биле во функција на постигнување на целите (читај – ингеренции) (Cirn: 2003).

Приказ 6. „Ингеренции на институционалниот столб на Новиот светски поредок“

1) Организација на Обединентите нации (United Nations)

да бидат центар при одржување на меѓународниот мир и безбедност,
развивање пријателски односи меѓу нациите,
остварување меѓународна соработка.

2) НАТО (North Atlantic Treaty Organization)

осигурување на своја сигурност, слобода, заедничко наследство и цивилизација,
засновани на демократија, индивидуална слобода и владеење на правото,
здружување на напорите на членките, за осигурување мир и сигурност,
да се помага за стабилност на системот на добросостојба на подрачјето на С. Атлантик
„чадор – ефектот“ (опфатен во Член 5. од Договорот)

3) Светска банка (World Bank)

намалување на ризикот во странското водење, а со тоа
поддршка на економската стабилност.

4) Светска трговска организација (World Trade Organization)

„либерализирање“ на светската трговија и
создавање отворен „глобален систем на трговија“.

5) Меѓународен монетарен фонд (International Monetary Fund)

целосен мониторинг на глобалните правила на управување со парите, особено, преку систем на утврдени девизни курсеви да одржи стабилност на валутата.

*Извор*. (Vukadinović: 2006).

При субверзивните нивоа на анализата, тој, нагласува на потребата од институционални и политички промени (суверенитет, меѓународна соработка, одржлив макро- економски и демографски развој, демократизација, развој на граѓанскиот сектор и националниот идентитет). Преку следниве задачи: прво, мора да се унапредат безбедноста и општествената добросостојба, преку заедничко дејствување на меѓународните, националните и субнационални политички уредувања. Второ, потребна е демократизација на таквите аранжмани на повеќе нивоа и трето, на располагање треба да стојат механизми кои во комплексниот свет ќе ја задоволат потребата за идентитет, а притоа да не се посегнува повторно за механизмите на исклучување и фрагментација (Cirn: 2003).

Во меѓународните односи, како главни ентитети, државите истовремено се актери кои го создаваат и кои го регулираат проблемот на одлучуање и истиот се класифицира во три форми:

- управување *од* власт (хиерархиско), уредено од надредените централни инстанци
- управување *со* власт (кооперативно), каде државата во дипломатските преговори како primus inter pares (прва меѓу еднаквите) е дополнета од меѓународните институции
- управување *без* власт, тука владите не се дел од инстанците кои нив ги уредуваат, (при транснационални договори без државно осигурување) (Held: 1997).

Кон историскиот развој на политичкото уредување на општествата, а во функција на суверенитетот на националните држави, клучен е Вестфалискиот модел, чии принципи го поддржуваат правото- во меѓународните односи, секоја национална држава да дејствува автономно и независно. Меѓутоа, промените проследени со радикалната промена на социјалистичкиот блок и паралелно- со интензивното дејствување на меѓународните институции, го ставаат пред тест квалитетот на политичките институции. Имено, спорна е способноста на националните држави, да останат доследни на начелата содржани во Договорот. Односно, со посредство на мултилатералниот модел, de facto, принципот на суверенитет на националните држави, бива прекршен во однос на двата правни принципа-

и како имунитет од јурисдикција и преку имунитетот на државните функции (Вотерс: 2003).

Предвечерјето од последната деценија на XX век е проследено со општствените промени под непосредно влијание на потезите на глобалните моќни фигури. Имено, во гео- политичките околности, институционалната моќ, е центрирана на две нивоа- во меѓународните институции и во националната власт (втората е хиерархиски субординирана на првата). Ваквата позиционираност создаде монопол на управување со капиталот, управување со културата, менаџирање на војните. Односно, со трансформацијата на регионите од третиот свет во колонии, каде од населението акумулираат ефтина работна сила, и под превезот на „демократските слогани“ создаваат нова форма на глобално ропство (читај- „нео- колонијализам“). Ваквата теза се потврдува и со констатцијата на Р. Кејган „Американците се доволно моќни за да не би требало да се плашат од Европјаните“, но оди во прилог и со фрапантните податоци за коефициентот на глобални нееднаквости и право- пропорационалната корелација меѓу стапката на меѓународна задолженост со веројатноста во мултилатералната дипломатија да се влијае врз одлуките на глобално ниво, како и на индексот на слобода на медиуми, стапката на корумпираност и проценките за неформалната економија.

## 2.1.Критериуми за алокација и примена на политичката моќ во пост- социјалистичките општества

Индикатор за евалуација на квалитетот на политичките институции (Pavlović: 2011) е нивото на:

1) оптимална функционалност

Длабоките економски разлики, проследени со нееднаква распределба на приходите, според некои тези, се закана по стабилноста и одржување на демократскиот поредок. Резултатите од транзицијата во регионот ја потврдуваат состојбата на уништување на политичките институции. Како резултат на тоа, економските и политичките однесувања ефектуираа со корутивна приватизација, пратена со неформална економија, наместо слободен пазар и странски капитал, во отсуство на домашен. Пазарот не може да постои и

функционира без институционална рамка во која ќе учествува и државата- законодавните и регулаторните тела. Националната влада е задолжена индиректно - преку странски кредити, долгорочо, а компанијата е приватизирана директно - преку редистрибуција на акциите (Брдар: 2004).

2) ефикасност, стабилност, компетентност, кооперативност и доверба,

Како што нагласува Левицки, иако изборите редовно се одржуваат, во општествата во транзиција, функционерите на власт, редовно ги злоупотребуваат државните фондови, спречувајќи и на опозицијата соодветна медиумска покриеност па, ја шиканираат и кандидатите кои ја поддржуваат, а во некои случаи манипулираат и со изборните резултати. Членовите на опозицијата, исто така се затворени, прогонувани, или- поретко- напаѓани или ликвидирани. Ваквите режими не може да се наречат демократски (во политиката на Р. Србија- режимот на Милошевиќ) (Levitsky;Way: 2002). Во прилог, секоја чест на мерките за реформите од првата фаза на транзицијата, во врмето на владеењето на д-р Зоран Ѓинѓиќ. Нешто слично, промена во правец на добро вледеење, по кризата, денес се случува и со руското и со македонското општество.

3) транспарентност и корумпираност

Контрапродуктивните политики на Светската банка и Меѓународниот монетарен фонд ефектуираат со осиромашување на службениците, а ваквата позиција е повод за ненамерни потези на корупција.

Потребно е да се зголемува платата, а да се намалува бројот на државни службеници преку развој на солиден и функционален приватен сектор. Претставува и еден од инструментите за организација на бирократијата (Ејкерман: 2012).

Демократските принципи за превенција од корупција и отчет на функционерите е системски и опфаќа три димензии. Прва димензија е партиципацијата. Имено, учеството на граѓаните во невладиниот сектор го крши кругот на циркулација на корумпираните елити, а на долги стази придонесува за редистрибуција на ресурсите преку намалување на можноста за корупција. Втора димензија е транспарентноста. Имено, невладиниот сектор може да има пристап do информациите од јавен интерес и така да ја спречи и да ја открие корупцијата. Односно, имателите на информации од јавен интерес се обврзани кон активна и пасивна транспарентност. Така, преку мониторингот се оценува работата и

функционирањето на јавната администрација. Трета димензија е одговорноста. Имено, од јавните службеници на локално и централно ниво, се бара, јавните овластувања:

- да ги вршат професионално, законски, непристрасно, транспарентно и одговорно.
- да дадат отчет за својата работа и наменското и рационално трошење на јавните средства
- имаат законска обврска да избегнуваат конфликт на интереси и не смеат за себе или друг, да бараат или примаат подароци, услуга, помош или друга корист, која би можела да влијае врз конфликтг на интереси, непотизам, кронизам, кои би прераснале во корупција (Тупанчевски; Михајлова: 2012)

4) инклузија

Според Т. Маршал граѓанските права се толкувани на три нивоа.

Граѓански- заштита на индивидуални права (слобода на изразување), политички- право за партиципација до политичкиот живот (канали на моќ), социјални права- распон на права од учество во социо- економска помош- со осмислување цивилизаран социо- економски живот. Рамноправноста на статусот на граѓанственост, се постигнува преку нивелирање на социјалните ризици, важен е како и доходовниот диференцијален јаз. Граѓанските права се развиваат, наместо класни конфликти. Релативниот просперитет во терциерот, создава нова стратификациска структура, каде слеовите се класифицирани согласно занимањето- на бели јаки и декомпозирани категории. Оваа форма на политика е политика на класи, меѓутоа, насочени кон соопствена предност а не во име на класата. Новите форми на граѓанска партиципација и демократизација се применуваат преку продорот на новите општествени движења. Класата веќе не е основен фокус на политичка мобилизација, затоа се помал е класниот конфликт, доаѓа на сцена суб- културниот. Според критериумите на Олфорд за одредување индекс за класно гласање, класите се декомпонирани, во фрагментирани поларизирани слоеви (Neš: 2006).

## 2.2.Социјалните ефекти од потезите на политичките елити

Од методолошки аспект, анализата на овој труд не е можно да се темели на тестирање на хипотеза. За таа цел, се тргнува хипотетички став. Во овој случај-

„промените во сопственоста и распоредувањето на политичката моќ, водат кон претпоставки за етаблирање нова стратификациска структура". Тоа значи,

Приказ 7. „Централни карактеристики на приватизацијата"

| | De Jure | De Facto |
|---|---|---|
| цели | (1) зголемување на економската мотивација<br>(2) зајакнување на пазарната конкуренција<br>(3) елиминација на етатистичката политика | (1) преструктурирање на:<br>– секторот на претпријатија,<br>– финансискиот сектор,<br>– клучни сегменти на економскиот систем.<br>(2) акционерскиот капитал не се оплодува<br>(3) законот се крши преку корумпираnост и нетранспарентност |
| фази | (1) „Закон за општествен капитал- Анте Марковиќ" (VII`89 – VIII`91.)<br>(2) „Закон за трансформација на сопственоста на претпријатијата"<br>(3) формирање олигархија (моќните и вешти менаџери ги зацврстуваат социјалните врски со политичките структури) | (1) вработените во претпријатијата со општествена сопственост, стануваат сопственици на основ на: работен стаж, висина на личен доход, местото во раководната хиерархија (директорски лоби групи)<br>(2) масовно приватизирани претпријатија, преку делење ваучери- екстерна, со превземање на правото за управување, преку фазата на масовни проценки на општествениот капитал |
| ефекти | (1) продажба на општествени претпријатија на приватни лица, преку наплата на разумна пазарна цена<br>(2) ефикасно користење на сите производствени фактори,<br>– јакнење на компетитивноста,<br>– слободно функционирање на објективните пазарни законитости,<br>– елиминација на командната политичка економија. | (1) економски профит остваруваат единствено активните или пензионирани вработени, од фирмите кои ги фаворизирал поранешниот стопански систем. Другите се спречени во остварување профит<br>(2) партиска приватизација, и губење на легитимитетот пред електоратот |

*Извор*. (Вељковиќ: 2001)

Толкувањето на ноторните факти од приказот, во социолошки контекст го добива следниот формат:

Прво, постои очигледна контрадикторност меѓу декларативните политики насочени кон приватизацијата и методите преку кои таа е спроведена, како во однос на целите, така и во однос на фазите. Имено, ваквиот проблем, ефектуира со:

- слегнување на дотогашната работничка класа, во категоријата структурално невработени, а нивните домаќинства во ново- осиромашени,
- остра поларизација на населението, како последица од не- еднаквата алокација на ресурсите
- длабока нееднаквост меѓу населението, согласно животниот стандард на домаќинствата

Второ, неправедната распределба на ресурсите во процесот на трансформација, ги депривира мнозинството, рамноправно да учествуваат на патот до сопственоста. Имено, ваквиот проблем е последица од корумпираните заткулисни концесии во врска со тендерите за откуп и истите ефектуираат со конфликтот меѓу максимизација на приходите и конкурентноста на пазарот која се јавува во сите договори за приватизација. Осигурувањето на монополската моќ е во интерес и на двете страни. Конечно, доколку фирмата задржи монополска моќ, веројатно е да одржува блиски односи со државата. Тука се јавува посебен ризик- клептократот (корумпиран државен функцинер) би и дал предност на политиката која повеќето ресурси ги алоцира во свој џеб, додека едновремено се задржува и економската продуктивност, а би се противел на политиката која бенефиците ги дистрибуира широко низ општеството, со мали можности центарот да извлече заработувачка. Односно, поддржуваат политики кои им носат личен бенефит, дури и кога резултираат со намален бруто домашниен производ/ по глава на жител.

Трето, неолибералната стратегија е спроведена на основа на политиката на цврсти буџетски ограничувања, со примарна цел намалување на владините трошоци за бизниси кои работат без ризик. Политиката подразбира фискална реформа која се состои од:

- намалување на јавната потрошувачка (особено субвенции за загубари),
- воведување на фискални мерки и плаќање даноци,
- затворање на одредени банки,

– приватизација на општествените претпријатија,
– дерегулација на економските активности, во политиката на контрола на цените и укинување на монополите (Ејкерман: 2012).

Четврто, овие политики произведуваат висок општествен трошок, односно се создаде категорија губитници, наспроти- победниците на транзицијата и се продлабочи социјалниот јаз меѓу нив. Длабоките економски разлики, проследени со нееднаква распределба на приходите, според некои тези, се закана по стабилноста и одржување на демократскиот поредок. Критичен е периодот во кој се појавува ризикот од колапс на реформите, обично, тоа е период од преодната рецесија и тогаш стапката на вкупното производство опаѓа, инвестиции речиси нема и работните позиции се затворени. До губитници на долги стази, мора прво да се помине некое време во улога на загубите на патници на кратки стази. Кај добитниците на долг рок, ефектите од приходите се чувствуваат подоцна. Губитниците на кратки стази- трошоците ги чувствуваат веднаш.

Почетокот на економската трансформација, сепак, не води до директен пад, но исто така води кон намалување на стапките на вработеноста и пораст на стапките на невработеноста, генерално во регионот по 1989 г. Кога транзиционата макро- економија конечно почна да бележи раст, вработеноста не го фати чекорот. Ова се случи само неколку години по возобновувањето на бруто домашниот производ/ по глава на жител. Реакција против економски реформи немаше бидејќи немаше економска реформа (Павловиħ: 2006).

Се на се, процесот на транзиција е проследен со приватизација чија последица е деквалификацијата. Ваквите состојби директно ја трансформираат работничката класа во категорија на сиромаштија и социјална исклученост, а на другиот пол од структурата, кај мал дел од населението се концентрирани несразмерно поголема количина на ресурси. Ваквата позиција ефектуира од нееднаквоста на животните шанси, како последица на корупција, ерозија на граѓанственоста и резигнираност за социјални промени. Станува збор за радикални промени: во сферата на економијата- од командната економија кон конкурентски капитализам. Во сферата на политиката- од едно- партиски систем кон консоцијациска плурална демократија.

Но, овие промени се проследени и со пад на бруто домашниот производ по глава на жител, економска депресија, инфлација на денар, структурна невработеност и пад на

животниот стандард. Ваквите промени на патот кон демократизација, скршнаа кон „девијациите на патот", ефектот- се рефлектираше врз економско- демографската структура и правниот поредок. Населението се раслои, а институциите се подложни на корупција. Не е спорно прашањето дали претходниот систем воопшто требаше да се распадне. Веројатно, да, бидејќи се покажа како неефикасен. Вистинското прашање е дали доколку Р. Македонија и замјите од регионот со ист модел на приватизација, денес- наместо земји во транзиција ќе беа земји во развој, доколку се придржуваа кон прописите за приватизација, што во практиката се случи спротивното.

# IV. ЕКОНОМСКО- ДЕМОГРАФСКИТЕ ПРОМЕНИ

## 1. Трансформацијата на управувачко- сопственичката структура на претпријатијата

Претпријатијата се организации, но не и институции. Теоретската социологија е способна да постави јасна дистинкција меѓу мезо- социолошките категории институција и организација. Имено, општеството се темели на изгледите за организациска ефикасност.

Претпријатијата, како форми на организација, во економската социологија се дефинирани како целосни, трајни и комплексни социјални творби, основани за производство и услуга, со релативно препознатливи граници, кои идентитетот го формираат преку посебен социјален систем на дејствување (Bolčić, 2003).

Искуството на земјите од поранешниот социјалистички блок, бележи закономерност од четири фази, на генерално ниво и тоа:

1) распаѓање на социјалистичкиот систем
2) транзициски зафати
3) трансформација на претпријатијата со општествен капитал
4) консолидација на демократијата (Ацески: 2002)

Тоа значи, конституирање на општество во кое:

- се создава поволни услови за развој на економски, политички и граѓански плурализам, кој би овозможил ефикасност на производството и конечно-мнозинско владеење со кое се симболизира принципот на еднаквост и владеење на правото и постои демократски режим.
- Демократскиот развој во текот на последните години, бележи развиен граѓански сектор и успешни опонирачки потези на централистичките тенденции. Но, исто така, ваквиот систем има недостаток од идеолошки и институционален монопол (Гелнер, 2003).

Според Д. Липтон и Џ. Сакс, во економската сфера, трите етапи на трансформација, опфаќаат (Čupić: 1997):

1) воведување строги финансиски мерки и девалвација на валутата
2) создавање перфектна пазарна конкуренција во услови на слободна трговија

Тоа значи, декомпонирање на капиталот. Односно, финансиската моќ ја распределуваат

олигархиски структури, кои функционираат по моделот на ефективна сопственост. Станува збор за акционерство, составено од комплексна мрежа на поврзани директорати по линија на социјален капитал. Делуваат во сферата на: банките, осигурителните компании, пензиските фондови, инвестициските трустови, индустијата и комерцијалните корпорации (Маршал: 2004).

3) приватизација на претпријатијата со државен капитал.

Тоа значи, декомпонирање на трудот. Односно, опфаќа процес на раслојување на дотогашната работничка класа. Тоа значи дека таа станува хетерогена и расчистува со двата клучни елемента- класната свест и класните претстави. Имено, ваквиот процес (кој е и централен проблем во овој труд) е последица на диференцијацијата на квалификациите. Така, современиот пазар на труд е сегментиран, а новата слојна структура- фрагментирана (Маршал: 2004).

Крајната цел на приватизацијата е командната економија, да се замени со пазарна економија. Класификацијата на моделите на приватизација, на земјите во транзиција е на три нивоа. Според критериумите- начин на спроведување; потоа- брзина на трансформацијата и конечно, редоследот, македонското општество ги примени политиките на следниот процес:

Во однос на првиот критериум, начин на спроведување, станува збор за мала или за масовна. Во тој контекст, македонското општество имаше искуство од масовниот тип.

Во однос на вториот критериум, брзина на спроведување, општествата се соочуваат со приватизација на претпријатијата случај по случај, или со брза и фронтална. Повторно, македонското општество го искуси вториот модел, приватизацијата беше брза и фронтална.

Во однос на третиот критериум, редоследот, претпријатијата може да бидат прво приватизирани па реконструирани, или vice versa. Исто, овој избор беше тактичка грешка, како и во претходните два, македонското општество прво се соочи со приватизација, па со реконструкција.

Квалитативна евалуација на ефектите од приватизацијата води кон класификациите на две последици, позитивна и негативна (Ацески: 1997). Предностите се:

– приватните претпријатија се инхерентно поефикасни од јавните, тоа подразбира

-воспоставување централна институција, која ќе го координира и поддржува развојот на малите и на средните претпријатија и на претприемништвото

-формирање неколку локални агенции за помагање на процесот за формирање и промоција на малиот и на средниот бизнис и претриемништвото во поголемите градови

-ефикасна финансиска поддршка за малиот бизнис, преку санација на банкарскиот систем

-пораст на консалтинг институции

-потребно е преструктурирање на дотогашниот сектор за кадровски политики во сектор за управување со човекови ресурси

– јавната соопственост ја узурпира економската слобода

Тоа подразбира, изградба на комплетно анти- монополистичко законодавство- заради одржување на слободата на пазарот, задоволителен степен на конкуренција и развој на претприемништвото.

Државата спроведува екстензивен модел на политика за проширување на полето на производство преку изградба на нови објекти во индустријата, но и освојување нови површини во земјоделството, отворање на нови рудници, сепарации и топилници, изградба на нови енергетски капацитети, на крупни инфраструктурни објекти, магистрали, пруги, нови аеродроми, научни и образовни институции. Притоа, реализира две макро-економски цели:

прво, стратешка, опфаќа две димензии:

-динамизирање на стопанскиот развој и максимизација на материјалното производство,

-максимизација на општествениот и животниот стандард.

Второ, секундарна, опфаќа четири димензии:

-подигање на општествената ефикасност на вкупно вложениот труд,

-ефективно користење на расположливите материјални ресурси,

-структурна насоченост кон матичните гранки на техничкиот прогрес и носителите на стопанската акцелерација,

-обезбедува повисока вработеност во услови на растечки технички прогрес.

– со продажба на јавните претпријатија се овозможува значаен приход на државата односно, државата ја напушта соопственоста, но го задржува влијанието врз стопанските текови преку мерки на регулација:

прво, природните монополи треба да бидат предмет на ефикасна државна регулатива, за да се заштитат граѓаните од прекумерен пораст на цени.

Второ, за ефективна приватизација, потребна е демонополизација на пазарната структура и одржување на задоволителен степен на конкуренција

Трето, за одржување на состојбата на слободна конкуренција, потребно е државата да понуди комплексна и добро разработена економска политика, која ќе обезбеди стабилност на примарното производство. Тоа значи дека, државата повремено се повлекува, но прво, пропишува стандарди, второ, ограничува монополска моќ, трето, контролира трошоци, четврто, објавува финансиски резултати и конечно застрашува со контрола на цени.

Недостатоци на приватизацијата се[10]

– структурална невработеност
– мулти- димензионално раслојување
– пораст на не- формалната економија
– корумпираност на носителите на јавни и државни функции

Приватизацијата може да ја намали корупцијата, преку отстранување на одредени ресурси од државна соопственост и преку претворање на дисконтното делување на службениците во приватни одлуки водени од пазарот. Но, приватизацијата е испреплетена со изгледи за корупција. Многу коруптивни потези се споредливи со оние кои произлегуваат од доделувањето договори и концесии.

Прво, неизвесноста на исходот од процесот на приватизација, создава услови за фаворизирање на корумпирани инсајдери. Нив им се даваат информации зад затворени врати. Информациите се во замена за поткуп на корумпираните фирми во процесот на наддавање.

Второ, постои веројатност, корумпираните државни службеници да и претстават информации на јавноста кои се спротивни на реалните услови во кои се наоѓа компанијата. Така, се создаваат услови инсајдерите да се појават како оптимални наддавачи.

---

[10] Првите три димензии се елаборирани субверзивно во теоретската анализа и се темелени на емпириски податоци. Затоа, во оваа пригода, акцентот на толкување ќе биде поместен на проблемот со корупцијата од високо ниво.

Трето, приватизираната фирма вреди повеќе, доколку задржи монополска моќ, која ја имала државната компанија. Задржувањето на монополски ренти ја поткопува оправданоста на приватизацијата (Кљусев, *ed.*: 2002).

Комплексот од макро- економските промени, се рефлектираше врз економско- демографската структура. Промените се однесуваат на следните социјални димензии:

- структурата на работната сила,
- струката и квалификациската структура на вработените
- структурата на образовно ниво (Мирчев; Христова: 2008).

Тоа значи дека, прво, опаѓа пропорцијата на вработени во земјоделството- како последица од внатре- емиграционите движења во правец од ниско- развиените југо- источни реони кон урбаните административни центри (Скопје, Битола, Куманово- во Р. Македонија, или Београд, Нови Сад, Ниш- во Србија, или Загреб, но и градовите долж приморско- горанската и истарска жупанија- во Хрватска). Второ, опаѓа концептот за класата, паралелно со падот на пропорцијата на вработени во индустријата. Оттука се излитува и класната свест за типичниот пролетер (вработените сини јаки во тешката индустрија). Односно, овој сектор, од до- тогаш средно до високо развиен, денес речиси не е во функција (тоа се денешните фабрики- загубари со за нив својствените стечајци), така- цела армија на квалификувана работна сила од секундарниот сектор, слегнува од пазарот на труд. Имено, не е спорна длабочината и острината на сиромаштијата кои се ефектуираат врз вкупната стратификациска структура, туку како што навестува насловот на овој труд- раслојувањето. Односно, на една страна, со третиот бран на демократизацијата, се јавуваат нови форми на политички и економски ентитети, какви се слоевите (а тие понатаму се широко диференцирани и фрагментирани), а на местото на класите во социо- економска смисла, и на интересовните групи, наместо општествените движења во политичко- демократска смисла. На друга страна, а спротивно на предвидувањата на марксизмот, де- индустријализацијата го навестува предвечерјето на сферата на развојот на терциерот и технологијата. Се на се, како што нагласува Р. Дарендорф, овие општества се соочуваат со феноменот на дезинтеграција на работничката класа и раслојување на мануелниот пролетеријат (Мирчев; Христова: 2008). Трето, пост- индустријализмот, како круцијална ставка во капиталистичката економија, кон која се насочува трансформацијата на системот во пост- социјалистичките општества, како

последица на инкорпорацијата на новите технологии во процесот на производство и контрола (технолошката индустрија), расне потребата од високо- квалификуван кадар со специјализација или магистратура, на сметка на падот на потребата од квалификувани работници за трудбенички дејности во фабричките хали. Тоа значи дека до- тогашните трудови контингенти не се соодветно обучени успешно да одговорат на потребите на сегментираниот пазар на труд, а новата работна сила (вклучувајќи ја и потенцијалната во возрасниот ранг 15-19) или е во процес на школување, или без потребното две- годишно работно искуство во струката, а често квалитетниот образован кадар, ги користи и можностите за меѓународен грант за специјализација, магистратура докторат или пост- докторски студии, па дополнително, преку дефицит од кадар, на сметка на меѓународниот, се отежнува националниот пазар на труд. Во прилог, статистиките од одделот за миграциски движења упатуваат дека мотивите за надворешните емиграции се отворените економски и образовни можности, и тука влегува младата работна сила во возрасните рангови 20-24 и 25-29.

Ефектите од приватизацијата прецизно се констатираат на ниво на претријатија. Анализата[11] спроведена 1995, упатува на следните закономерности:

Трансформацијата на претпријатијата е навистина долг и тежок процес, при што од вработените:

65,0 % немаат никакво влијание во одлуките,

50,0 % не се во состојба да ги заштитат сопствените интереси,

90,0 % покажуваат симптоми на фатализам и резигнираност.

Односно, голем дел од граѓаните живеат со мислите во минатите времиња, со еден систем што имаше сосема друга матрица на формирање на карактерот на односите во трудот.

## 2. Трендовите на макро- економските политики за развој

Досегашните излагања водат кон констатацијата дека станува збор за општества кои се наоѓаат на граничната точка меѓу редот и хаосот. Тие расчистуваат со минатото, но потезите на политичките и економските елити се чини не се способни да ја стабилизираат

[11] Истражување спроведено во скоро- приватизирани претпријатија, наодите се публикувани во Ацески, 1995.

сегашноста. Во диркемовски контекст- тоа се аномични општества. Нивниот правец на развој е не- дефиниран и не- извесен.

На теоретско ниво, приказот од дескриптивните статистики, во глобален контекст (вклучувајќи со низок, среден и висок развој), од социолошки аспект се интерпретира преку моќта на капитализмот. Тој, како што претходно е нагласено, е унилатерален и централни актери се институционалниот столб (Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, Светската трговска организација, Организацијата за економска соработка и развој), но и транснационалните корпорации. Се создава преку праќање капитал во протекторатите од третиот регион. Се одржува преку следење на *А* фазата на кондратиефовиот циклус на одржлив развој (и бележи тренд на експанзија). Третиот регион хиерархиски е позициониран на дното, бидејќи нема ниту еден примарен агенс на капитализамот (развиен терциер и подем на кватрални- дејности). Ефектот е позајмувања со камата, која е многу по- висока од потенцијалниот принос. Не- еднаквите и не- праведни политики, се насочени кон пирамидална игра. Имено, во протекторатите се наметнува капитал кој не може профитабилно да се инвестира за да се отплати долгот. Така, немаат еднаква можност да ја пратат стратегијата за индустријализација (развој на секундарниот сектор). (Reinert: 2006). Тука доминантен сектор е примарниот- со еколошко земјоделство (вкупно меѓу 2,1 – 3,0 % од вкупниот бруто домашен производ/ по глава на жител во глобалната макро- економија) и тоа е екстерен фактор за појава на гладот (точката на апсолутна линија на сиромаштија- во субсахарска Африка).

Во практиката, пост- социјалистичките општества, го следат развојот

Приказ 8. „Флуктуации на темпо на развој“

| | |
|---|---|
| модел на држави кои одржуваат чекор | Во состојба се да го одржат нивото на раст, со осцијалции на стапката од 2,0 – 3,0 %. Растојанието меѓу земјите се менува со многу умерен оптег и истиот процес е исклучително бавен, со континуиран пораст. |
| минималистичко Б модел на сценарио на флуктуации на темпо на развој | Во ограничен степен ги користат можностите за воведување на пазарно стопанство, а последиците се:<br>– пониска стапка на раст, во споредба со околностите на централно- планското стопанство<br>– со растот, паралелно се продлабочува диференцијалниот јаз, |

| | |
|---|---|
| | меѓу распределба на доходите. Често, вредносите за Gini ratio се > 0,40 (станува збор за висок праг на глобална нееднаквост)<br>– во почетната фаза (првата деценија и пол), макро- економскиот развој се одржува на ниво од (2,0 – 3,0 %)/ годишно, а потоа, бележи пад на едвај 2,0 %. |

*Извор.* (Колодко: 2004).

Тоа значи дека пост- транзиционите општества во глобален контекст, минуваат низ институционален вакуум (последица од конституциналната нестабилност), каде хибридниот систем го отежнува растот и ги намалува можностите за одржливост на макро- економскиот развој. Овој тренд, понатаму е последица на поволната гео- политичка положба и на ангажманите за создавање на солидни пазарни институции. Овие земји со сигурност бележат линеарен прогрес, меѓутоа, стагнацијата во првата деценија и пол е последица на погрешната политика и неповолните надворешни шокови. Имено, во случајот со Р. Македонија преовладува екстензивниот модел, кој е скап, бидејќи бара високи екстерни влогови и значаен дел на непроизводни фондови. за прв пат се формираат производствени капацитети, особено во индустријата. тоа ефектуира со над 50,0 % учество на вработеност во секундарен сектор. Латентна последица е масовната урбанизација и неконтролирана транзиција на работна сила во градските центри. Станува збор за сложен социолошки проблем, кој е последица на тенденцијата на националната влада (во периодот од првата деценија и пол), да ја потценува добро координираната фискална и монетарна политика, како и доброто планирање на индустриската и трговската политика, но и доброто планирање на индустриската и трговска политика и подредувањето на структурните реформи кон политиката на растот (Кљусев, *ed.*: 2002).

Според методологијата на Програмата за Развој на Обединетите нации, вредностите за Индекс за човеков развој, земјите од овој регион, се позиционирани длабоко под медијаната во глобален контекст. Односно, концептот за макро- економски промени ги опфаќа димензиите за економски раст и демографски развој, а тоа претпоставува сложена системска анализа.

Приказ 9. „Компаративен преглед на централните категории за одржлив развој“

| | економски раст | одржлив развој | |
|---|---|---|---|
| детерминанти | -трудови ресурси<br>-физички капитал<br>-природни ресурси<br>-технички пргрес<br>-дистрибуција на доход<br>-финансиска интермедијација<br>-извоз на капитал<br>-структурални промени<br>-домнантна идеологија<br>-продор на новите технологии | да се одговори на социјалните и економски потреби на сегашните и идни генерации.<br>Преку меѓународните институции за економија, финансии и трговија да се постигне рамнотежа меѓу економскиот развој, еднаквоста на државите, генерациите и родовите. | цели |
| мерки | Примарни<br>-пораст на капитал<br>-мобилност на трудовите контингенти<br>-функционирање на слободен пазар.<br>Секундарни<br>-образовно ниво<br>-култура<br>-демографски трендови | -почитување на правата и личните слободи<br>-зголемено учество на определени општествени групи во процесите на донесување одлуки<br>-промени во општествената положба на жените<br>-социјална и професионална интеграција на лица со хендикеп<br>-слобода на печат<br>-разрешување конфликти<br>-слобода на изразување | фактори |
| импликации | -пораст на вкупната побарувачка на работна сила<br>-пораст на производство и на цени<br>-пораст на кредити и заштеди | | |

*Извор*. (Ефтимоски: 2003)

Методологијата за анализа на политиките и на трендовите на макро- економски растеж и на одржлив развој може да се претстави преку следниот приказ

Приказ 10. „Методологија за анализа на одржлив развој“

| | поим | мерење |
|---|---|---|
| макро- економски раст | економскиот раст е поврзан со:<br>-порастот на бруто домашниот производ/ по глава на жител<br>-промените во јазот кај бруто домашниот производ/ по глава на жител<br>-потенцијалниот раст на стапките на бруто домашниот производ/ по глава на жител<br>-портастот на реалниот Output/ per capita.<br>Макро- економскиот развој е вкупност од социо- економски премени во целосната општествена структура, како процес во кој реалниот бруто домашниен производ/ по глава на жител има тенденција на лонгитудинален пораст | пресметка на вредностите на бруто домашниот производ/ по глава на жител<br>1. како збир на сите доходи (плати, камати, профити и ренти)<br>2. како збир на сите потрошувчки (потрошувачка, инвестиции, државни набавки на добра и услуги, нето извоз).<br>По правило, секогаш сумата на потрошувачката треба да биде еднаква со сумата на доходите.<br>Други композитни индикатори при компаративни анализи меѓу земјите се: HDI, PQLI, DD. (според Програмата за Развој на Обединетите нации). |
| одржлив развој | Linkage политика меѓу:<br>-макро- економскиот развој<br>-демографскиот развој и развојот на населението<br>-глобални еколошки промени<br>приоритет се социјалните проблеми. | методологија на Светската банка за мерење на флуктуации во количествата на вкупното национално богатство:<br>мерен инструмент *Genuine Saving.*<br>Ја мери нето вредноста на националното богатство, т.е. се што земјата додава или одзема од вкупната вредност на своето национално богатство. Односно, од Output ги одзема потрошувачката, физичкиот капитал и природните ресурси.<br>Недостаток е индиректното земање предвид |

| | | |
|---|---|---|
| | | на човековите ресурси (според Организацијата за економска соработка и развој). |

*Извор*. (Ефтимоски: 2003).

Анализите на студиите за меѓународен развој, упатуваат на позитивна корелација меѓу економскиот растеж и длабочината на јазот меѓу фрагментираните слоеви, а како последица на не- рамномерната дистрибуција на ресурсите меѓу населението. Имено, станува збор за нерамномерен економскиот растеж, кој го смалува нивото на длабочина и острина на сиромаштијата, а го зголемува вкупниот доход. Меѓутоа, инсистирањето на редукција на не- еднаквостите ефектуира со намалување на стапките на вкупниот раст, како и на успорување на растот на доходот кај сиромашните. Тоа значи дека не- еднаквоста во почетните фази од развојот расне, со тоа што регионите го следат трендот за премин од ниско- продуктивен земјоделски сектор, кон особено по- продуктивен индустриски сектор (Begoviċ, *et al.*: 2008).

Во практиката, анализите на Светската банка, за стапката на бруто домашниот производ/ по глава на жител, Р. Македонија ја позиционираат на 123 место- од вкупно 213 земји, со вредност на доходот од 4 620 американски долари/ 2012 г. Тоа значи, дека во практиката Р.Македонија бележи стапка на континуиран контрастен пораст (според анализите 2005-2013- според Организацијата за економска соработка и развој) но, се уште е во категоријата на земји со среден развој. Во однос на одржување на балансот, не е во можност да ги следи глобалните трендови, спротивно- бележи драстичен пад и дисконтинуитет на индексните вредности. Во однос на земјите во регионот, може да се констатира дека одржува чекор на оджливост и е во поволна позиција, земајќи го предвид фактот за истовремената висока стапка на сиромаштија, на невработеност и релативно не- поволната позиција во доменот на меѓународните односи.

Ваквите состојби и тенденциите, ги упатуваат аналитичарите, во доменот на проценки, проекции и евалуации на стратегиски програми кон очекувањата, дека на подолг рок, би се променил современиот модел на развој. При тоа, круцијален елемент е човековиот капитал а, диспаритетите во бруто домашниот производ/ по глава на жител се тесно поврзани за животнниот стандард и веројатноста за одржлив макро- економски раст и демографски развој.

## 3. Економско- демографска анализа на некомпатибилноста меѓу побарувачката на пазарот на труд и понудата на работна сила по образование и економска активност

Карактеристика на пазарот на труд во пост – социјалистичките земји е флексибилна вработеност. Во економската социологија се дефинира како институцонална рамка за општествено формирање на сите видови трудово население, преку интензификација на трудот во претпријатијата, во услови на силна национална и меѓународна конкуренција, со цел брзо и ефикасно одговарање на промените на пазарот на производи. Тоа значи, од методолошки аспект, станува збор за комплексна економска проблематика, за која се врзуваат систем од социјални и демографски фактори. Опфаќа мали и децентрализирани фирми насочени кон врзани пазари, а не крупни, централизирани и масовни производствени фирми. Класификацијата опфаќа три идеал- типски модели на вработеност: прво, функционална- на ниво на работни задачи и вештини, второ, нумеричка- на ниво на вработеност и трето, финансиска- на ниво на платни системи (Кљусев, *ed.*: 2002).

Приказ 11. „Класификација на пазарот на труд“

| | |
|---|---|
| според пристап кон работните организации | |
| надворешен | оние кои не влегле во работните организации. |
| внатрешен | опфаќа пазарно уредување на цените и условите за работа на тие кои влегле во работните организации. |
| според одреденост од квалификациите на работната сила | |
| примарен | високи позиции:<br>важни, стратешки, високо – образовани кадри, како и кадри со ретки квалитети- чија општествена позиција е заштитена и чии приходи се релативно стабилни. |
| дејности во Р. М. | - дејности на екстериторијални организации и тела<br>- стручни, научни и технички дејности<br>- информации и комуникации<br>- финансиски дејности и дејности за осигурување<br>- градежништво<br>- транспорт<br>- трговија на големо |

| | |
|---|---|
| | - административни дејности<br>- јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување<br>- образование<br>- дејности во врска со недвижен имот<br>- дејности на здравствена и социјална заштита<br>- дејности на домаќинствата како работодавачи |
| секундарен | без посебни квалификации, со просечни или ниски квалификации. исто и сезонски работници, маргинални групи, имигранти. како и флексибилен труд, скратено работно време,<br>без здравствена и социјална заштита. |
| дејности во Р. М. | - земјоделство, шумарство и рибарство<br>- рударство и вадење на камен<br>- преработувачка индустрија<br>- трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли<br>- снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината<br>- складирање<br>- објекти за сместување и сервисни дејности со храна<br>- забава и рекреација<br>- дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби<br>- други услужни дејности |

*Извор.* (Bolčić: 2003, Државен завод за статистика- Р. Македонија).

Приказ 12. „Сегментација на пазарот на труд“

| висок распон на дискреција и долгорочни стабилни заработувачки | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| флексибилно специфични умеења | примарен внатрешен пазар | примарен надворешен пазар | специјализирани но општи умееења |
| | секундарен внатрешен пазар | секундарен надворешен пазар | |

| | | |
|---|---|---|
| | | |
| низок распон на дискреција и нестабилни заработувачки | | |

*Извор*. (Маршал: 2004).

Покрај брзиот пораст на пролиферација на кадри, исто и (промената во РОЕТ[12] системот) неефикасната еколошка структура во однос на урбанизмот, последиците од демографската транзиција врз природниот прираст на населението, но порастот на трендот на надворешни емиграции, се некои од секундарните фактори кои влијаат врз неможноста на пазарот да ги вклучи економско- демографските контнгенти во активна сила на пазарот на труд, кој е сегментиран и флексибилен. Имено, станува збор за диференцирани општествени системи, тоа се тие чии сектори на пазар на труд рапидно ги шират контурите. Тоа значи, дека Заводот за статистика и Организацијата за меѓународна поделба на трудот дефинираат нови форми на занимања. Односно, потребна е вокационалистички насочена образовна политика, така што образовниот курикулум, успешно ќе пролиферира кадри, согласно побарувачката на пазарот на труд. Оттука, при компаративна анализа, стапките за степенот на образование и школска подготовка, бележат фрапантен диспаритет во статистичките фрекфенции меѓу две сукцесивни пописни книги (во период од десет години). Односно, социјалните политики на земјите во развој (типичен пример се пост- социјалистичките општества), се насочени кон пролиферација на кадри кои би биле оспособени успешно да одговорат на побарувачката на пазарот на труд. Од друга страна, потребно е да се нагласи дека истите политики, делумно се спроведуваат заради директивата од меѓународната заедница, како димензија за развој на населението и одржлив макро- економски раст, тука меѓу другите композитни индикатори е токму образованието.

Во случајот со македонското општество се тргнува од нулта позиција, кон радикални промени. Изградбата на пазар на труд со механизми за приватна сопственост, вклучувајќи нови категории на дејности, кои вршат сегментација, влијае- модусната категорија од активната работна сила во пред- транзициониот период, по приватизацијата да слегне во категоријата невработени лица.

[12] (дис)/функционалната поврзаност меѓу компонентите- развој на населението, општествена организација, природна средина и технолошки развој

Наодите од анализата[13] на влијанието на економската криза врз индустриските односи во периодот на транзиција упатуваат дека трансформацијата на капиталот влијае врз социјалниот дијалог. Имено, индустриските односи во Р. Македонија се уште се во фаза на регулирање меѓу трудот и квалитетот. Процесот е бавен и отежнат како последица на нефункционирањето на вистински пазар на труд. Високата стапка на невработеност и постојаната диспропорција меѓу побарувачката на работни места и бројот на работни места го отежнува дијалогот меѓу владата, работодавачите и работниците (Ристеска, 2012).

Приказ 13. „Дистрибуција на работната сила според степен на образование“

| | активно население | вработени | невработени |
|---|---|---|---|
| вкупно | 948 125 | | |
| без образование | 6 625 | -2920 | -3705 |
| незавршено основно образование | 36 670 | 25 726 | 10 944 |
| основно образование | 190 334 | 113 574 | 76 760 |
| 3 години средно образование | 88 260 | 60 966 | 27 295 |
| 4 години средно образование | 418 607 | 295 595 | 123 011 |
| више образование | 26 163 | 23 370 | -2793 |
| високо образование | 181 466 | 135 698 | 45 768 |

*Извор.* (Државен завод за статистика- Р. Македонија).

Приказ 14. „Дистрибуција на приходите според главни групи на занимања“[14].

| главни групи на занимања, ISCO 08 | генерални | | | специфични | | | поединечни | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени | вкупно | мажи | жени |
| | 15-64 | 15-64 | 15-59 | 15-64 | 15-64 | 15-59 | 15-64 | 15-64 | 15-59 |

[13] Истражување спроведено од Center for Research and Policy Making, насочено кон анализа на социјалниот дијалог во време на криза

[14] Методолошки објаснувања: Диструбуција на фрекфенции за генерални (2010), специфични (октомври) и поединечни (час) бруто стапки на заработувачка на просечен приход во денари, на вработените вкупно (мажи и жени 15-64), според општата класификација на главни групи на занимањата на пазар на труд

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Вкупно приход* | 3 508 394 100,00 | 3 652 912 | 3 363 907 | 297 446 | 309 817 | 285 118 | 1 776 | 1 847 | 1 702 |
| *Просек на приход* | 360 210 | 370 882 | 347 792 | 30 558 | 31 481 | 29 485 | 182 | 188 | 176 |
| 1. членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори | 690 732 19,69 | 707 144 | 662 748 | 57 650 | 58 933 | 55 461 | 342 | 350 | 330 |
| 2. стручњаци и научници | 477 987 13,62 | 505 674 | 457 318 | 40 225 | 42 200 | 38 750 | 241 | 252 | 232 |
| 3. техничари и сродни занимања | 378 220 10,78 | 400 654 | 352 356 | 31 955 | 33 995 | 29 603 | 190 | 201 | 177 |
| 4. службеници | 341 028 9,72 | 334 141 | 347 439 | 28 726 | 28 470 | 28 964 | 171 | 170 | 173 |
| 5. работници во услужни дејности и продажба | 261 575 7,46 | 284 691 | 227 371 | 22 523 | 24 387 | 19 765 | 134 | 145 | 119 |
| 6. стручни работници во земјоделството, шумарството, рибарството и ловот | 241 886 6,89 | 242 296 | 240 257 | 20 845 | 20 845 | 20 846 | 123 | 123 | 124 |
| 7. занимања за неиндустриски начин на работа во производството | 221 164 6,30 | 246 364 | 169 563 | 19 249 | 21 351 | 14 946 | 115 | 128 | 90 |
| 8. ракувачи и составувачи на машини и постројки | 227 051 6,47 | 259 862 | 172 313 | 20 010 | 22 874 | 15 232 | 120 | 138 | 91 |
| 9. елементарни занимања | 219 219 6,25 | 226 318 | 211 606 | 18 846 | 19 660 | 17 974 | 113 | 117 | 108 |
| 0. воени занимања | 449 532 12,81 | 445 768 | 522 936 | 37 417 | 37 101 | 43 578 | 227 | 226 | 259 |

*Извор.* (Државен завод за статистика- Р. Македонија, *процентите се мои пресметки*).

Дистрибуцијата на податоци од *Приказ 13 и 14* упатува на следните генерални наоди:

Прво, податоците за активноста на населението се пропорционални со школската подготовка. Тоа не е спорно за дебата и покрај фактот дека невработеноста се одржува на ниво на Mean 30,0 % со Std. Dev. 4,0 %. Ваквата позиционираност на населението се објаснува со посредство на неколку фактори:

- структурален пад на индустриските дејности,

- откази за време на рецесија,
- понуда на слабо платена, несигурна и непријатна работа
- слаба синдикална поддршка и недостаток од социјален дијалог
- пролиферација на кадри од економски непродуктивни бранши.
- глобална економска криза.

Второ, недостаток е брзата промена на образовните политики. Имено, не е спорна социјалната политика која се фокусира кон пораст на стапката на високо- образован кадар, ниту програмите кои поттикнуваат доживотно учење. Туку, проблемот е во временската димензија. Имено, во нашиот систем, веројатно не се применува методот на евалуација на ефикасноста на програмите. Во високо развиените земји, промените во еден сектор се во континуум од десетина години, бидејќи претходи период на пилот тестирање на ефикасноста на реформите.

Трето и **круцијално**, постои нееднаква дистрибуција на ресурсите. Во однос на пропорцијата, на едниот пол кај 40,0 % од занимањата се концентрирани повеќе од 65,0 % од вкупните доходи, на другиот пол кај 40,0 % од занимањата се концентрирани помалку од 20,0 % од вкупните доходи. Ваквата позиционираност, не дозволува да се дефинира категоријата прво работничка и второ средна класа. Прво затоа што индустрискиот сектор е нефункцинален, а второ затоа што остануваат 20,0 % од занимањата, кои не се квантитативно доволни да формираат peer group и да бидат акумулатор на стабилна макро- економска одржливост.

Четврто, следи обид да се направи **компаративна анализа** во однос на дистрибуцијата на доходи по занимања за некои клучни периоди (како верижен индекс).

Прво, според анализите[15] на South- East European Social *Survey* Project (во Ѓуровска: 2006), може да се нагласат следните закономерности:

- во долниот праг на мануелни занимања учествуваат повеќе од 60,0 % од активното население
- во категоријата високо немануелни занимања, со ВСП учествуваат помалку од 15,0 %

[15] Структура на населението по занимања за 2003 во Р. Македонија.
Трите категории се мои интерпретации (заради симплифициран преглед), инаку списокот на занимања е обемен и речиси сличен со денешниот и затоа од методолошки аспект, потребна е токму ваквата адаптација.

- услужниот сектор учествува со приближно 25,0 %.

Тоа значи дека, првата деценија и пол по приватизацијата, населението се соочува со:

- висок коефициент на релативна сиромаштија
- висок коефициент на нееднаква распределба на доходите меѓу населението
- неразвиен примарен пазар на труд
- бариери кон странски инвестиции
- низок степен на стручна подготовка (според податоците од пописните книги во 2002 г.): прибижно 1/3 се со основно образование, исто толку се средниисти, нешто помалку од 5,0 % се без образование и нешто повеќе од 5,0 % се со ВСП, речиси ист е процентот и на аналфабетите[16].

Второ, во однос на анализите на ИСППИ[17]- Скопје (во Јаќимовски, 2001), во првите пет години од приватизацијата, а споредбено со денешните состојби, ситуацијата е следна:

- прво, во 1991 г. категоријата вработени учествува со повеќе од 40,0 %, во 1996 г. истата е пониска од 29,0 %
- второ, од структурата на население по образовние и дејности, во 1995 г. категоријата вработени во општествени преттпријатија е најнехомогена
- трето, 70,0 % од вработените се со плата пониска од просечната, а 20,0 % од нив ја земаат со задоцнување.

Ваквите состојби упатуваат на следната констатација:

- прво, структурната невработеност е ефект од приватизацијата
- второ, кадровска политика на претходниот систем е неефикасна, тоа оневозможува соодветно вработување, по приватизацијата на претпријатието, бидејќи школската подготовка е некомпатибилна со побарувачката на работна сила
- трето, населението е раслоено, но не станува единствено збор за фрагментација, туку за релативна сиромаштија на активното население.

---

[16] Овие податоци се речиси идентични со тие од пописот 1994. Тоа значи дека ¾ од населението биле технички неписмени во секундарна смисла на зборот- според стандардите на *UNDP/ HDI*. Ваквата незавидна состојба (која има своја традиција и од претходниот систем) и влијанието на стандардите на Европската унија, придонесоа од 2006 г. кон вокационалистички насочена образовна политика во правец на одржлив демографски развој.

[17] Истражувањето спроведено од Бубески д-р Душан, 1995. во проектот „Евробарометар“ се однесува на поврзаноста меѓу степенот на образование и секторот на вработеност.

Трето, во однос на анализите[18] во претходниот систем, емпириските наоди упатуваат дека социо- економскиот статус на семејството влијае врз:

- распоредот на учениците во одделни видови училишта
- образовните постигања
- образовните аспирации. При што:

во училишта за квалификувани работници, најголема фрекфентност е на ученици чии родители се од најниските класи;

во средно- стручните училишта, најголема фрекфентност е на ученици чии родители се од средната класа. Овие ја одржуваат рамнотежата на стратификацијата во образованието;

во гимназиите, најголема фрекфентност е на ученици чии родители се со највисок социо- екононмскиот статус- интелектуални и раководни кадри.

Висината на образовното постигање и успехот е во правопропорционален корелат со висината на социо- економскиот статус на семејството, при што:

- учениците со послаб успех потекнуваат од работничко, многудетно семејство со низок доход;
- vice versa, интелектуално образовно постигање бележат деца од семејства кои припаѓаат на слојот на стручњаци и раководители.

Оваа интерпретација е во прилог на тезата за нееднаквите можности за постигнување на социјална мобилност. Имено, демографската структура по образование во овој систем е неповолна, но одржлива е класната структура. Се упатува на следните закономерности:

- по приближно 1,0 % елита (раководниот кадар), следат стручњаците и администрацијата со околу 6,0 %
- заради населеноста во руралните еколошко- демографски реони, приближно 40,0 % се со еколошко земјоделство
- со нешто помалку (приближно 35,0 %) учествува работничката класа.
- ниско учество на издржувано население и евиденција на апсолутна активност

Ваквите состојби упатуваат на последицата од развиениот индустриски сектор и на учеството на работничката класа со ¾ од вкупното население. Но, постои длабок јаз меѓу доходовните групи, имено, елитата е со учество од околу 1,0 % (тоа е номенклатурата со конзистентен социјален статус). Можноста да се диференцираат класи се должи на

[18] Георгиевски, Петре, (1972) спроведени во СР Македонија, 1974/5. во Петре Георгиевски, (1998).

компатибилноста на образовната структура со стопанската дејност, но и на класната свест и на реонската населеност.

## 4. Категоризација на транзициски формираните домаќинствата, согласно нивото на животен стандард

Секој сиромашен не е социјално исклучен, но секој социјално исклучен е сиромашен. Истиот ентитет, не е во социолошки контекст, граѓанин, бидејќи не е во можност еднакво да ги ужива човековите права и граѓанските слободи. Кога станува збор за социјалната ексклузија, парадигматски, таа е дефинирана согласно различни критериуми. Социолозите, сондите на интерес ги фокусираат кон манифестациите на бихевиоралниот плуралитет меѓу стратумите. Меѓу економистите, таа е толкувана со термините за пазар на труд, додека аналитичарите во сферата на социјалната политика- се насочуваат кон мерките и стратегиите на владите кон социјална инклузија. Имено, поединецот е социјално исклучен, доколку не учествува во клучните активности во општеството во кое живее. Оваа работна дефиниција поврзува неколку елементи, прво, партиципативноста, потоа- социјалните ангажмани и конечно- матичното општество. Општествата на пазарна економија и плурална демократија, бележат два прага на социјална ексклузија:

- долниот праг, ги раздвојува, тие кои обично, партиципираат во главните институции, од оние кои се вон- нив.
- Горниот праг, ги разделува, тие кои, од средината може да се одвојат од главните институции, (малата заштита на гетоизираните, од страна на полицијата) (Хилс, *et al.*: 2009).

Во прилог, не се согледани факторите, како „не- волна“ невработеност, истата може да е последица на стигма (полициско досие за отслужена казна затвор).

При дефинирање систем од индикатори за одредување на социјална ексклузија, се анализираат димензиите: потрошувачка, производство, политички ангажман и социјална интеракција. Но, при обидот да се постави адекватен праг на димензиите, науката и

институциите за следење на статистичките диспаритети се соочуваат со методолошки проблеми.

Операционална дефиниција, за домаќинството, прилагодена на актуелните економско- демографски состојби во Р. Македонија, гласи „секоја семејна или друга заедница на лица што ќе изјават дека живеат заедно и заеднички ги трошат своите приходи за намирување на основните животни потреби (домување, исхрана), без оглед на тоа дали сите членови постојано се наоѓаат во местото каде што е населено домаќинството или некои од нив определено време претстојуваат во друго населено место, односно странска држава заради работа, школување или од други причини, при што престојот во странската држава не е подолг од една година“. Во прилог, за целите на класификација на ново- осиромашените домаќинства Државен завод за статистика- Р. Македонија, линијата на сиромаштија, на операционално ниво, ја дефинирана како ниво на животен стандард што треба да се достигне за едно лице/домаќинство да не биде класифицирано како сиромашно.

Демографските промени во Р. Македонија, се последица од реструктурирањето на работната сила, под влијание на промените во сопственоста на дејностите на пазарот на труд. Макро- економскиот раст е со тренд на одржливост на низок праг на среден раст (но, макро- економските политики одат во прилог). Имено, како последица Р. Македонија е со значителен пораст на бруто домашниот производ/ по глава на жител и на странски инвестиции, во споредба со претходните анализи во земјава, а споредбено и со динамиката во регионот.

Во прилог, следи анализа на статистиките за домаќинствата чиј животен стандард не- сразмерно, од година во година, како последица на структуралните промени во макро- економска смисла, се намалува.

Приказ 15. „Стапки на сиромаштијата и социјална исклученост за 2010“

| | |
|---|---|
| Стапка на сиромашни лица, % од население | 27,3 |
| Број на лица кои живеат под линијата на сиромаштија, во илјади лица | 557,9 |
| Линија на сиромаштија за самечко домаќинство, годишен еквивалентен приход во денари | 60885 |

| | |
|---|---|
| Линија на сиромаштија за четиричлено домаќинство<br>(2 возрасни и 2 деца помали од 14 години), годишен еквивалентен приход во денари | 127859 |
| Стапка на сиромашни лица пред социјални трансфери и пред пензии, % од население | 42,8 |
| Нерамномерна распределба на приходите, S80/S20 квинтален соодност на приходи | 10,3 |
| Нерамномерна распределба на приходите, Gini коефициент | 40,8 |

*Извор.* (Државен завод за статистика- Р. Македонија).

Според дескриптивните статистики, јасно е дека станува збор за општество со висок коефициент на социјална ексклузија и на домаќинства чиј животен стандард е под минимумот дефиниран согласно препораките. Односно, постои висока стапка на острина и на длабочина на сиромаштијата. Имено, Државен завод за статистика- Р. Македонија, ги пресметува стапките на сиромаштија базирани на Laeken индикатори, односно- (супститут за дотогаш познатата просечно потрошувачка кошничка за ниво на животен стандард) преку податоци од анкета за приходи и услови за живеење во домаќинството, според 70,0 % од приходите во домаќинството, како гранична линија на сиромаштија. Дистрибуцијата на податоци упатува на следните генерални наоди:

- Прво, високата стапка на сиромаштија, независно кој индикатор се операционализира, дали се стапките на острина или на длабочина, или пак на апсолутен праг или на релативен, или се анализира мулти- димензионалната сиромаштија, финалните стапки упатуваат на неповолна позиција на домаќинствата во вкупната стратификациска структура
- Второ, дополнителен агенс кој го дефокусира генералното внимание е високата стапка на издржувано население во вкупната структура, што го намалува нивото на животен стандард,
- Трето, анализирани по типови на домаќинства, најранливи се домаќинствата на двајца возрасни со три и повеќе издржувани деца, при што 36,5 % од лицата кои живеат во такви домаќинства се сиромашни. Според најфреквентниот статус на економска активност, стапката на сиромашни невработени лица изнесува 50,6 %, додека стапката на сиромашни вработени лица е 9,9 %. Ваквите податоци имаат за последица долгогодишна не- можност да се тргне во костец со растот на вкупниот бруто домашниен производ/ по глава на жител, од едноставна причина што станува

збор за хронична состојба. Најзагрозен пример се стечајните работници од претходниот систем и невработените од младото население кое е без високо образование. Ризик фактор е и демографската реонизација на домаќинството и неможноста за внатрешни емиграции, како и порастот на морбидитет, диворзитет и витални процеси кои ја поткопуваат демографската одржливост.

# V. ПОСТ- СОЦИЈАЛИСТИЧКИ МОДЕЛ НА СТРАТИФИКАЦИСКА СТРУКТУРА

## 1. Модели на диференцирани општествени структури низ историјата

Етимолошките основи на социјалната стратификација, lat. *Stratum*- слој, упатуваат кон макро- социолошките теории, а заради високото ниво на апстрактност, во социологијата има епистемолошка, хеуристичка и аксиолошка валидност. Означува посебна форма на диференцијација во општеството, меѓу населението, согласно економскиот статус на трудовите контингенти и нивото на животен стандард на домаќинствата. Односно, структурална не- еднаквост, која во општеството е институционално поддржана и се репродуцира. Имено, станува збор за референтни социјални групи, кои се позиционирани во фрагментирани слоеви, рангирани вертикално, а согласно достапноста на механизмите за пристап до вредните, ретки и ограничени ресурси (богатството, моќта и репутацијата). Од психо- социјален аспект, кога се анализира групната динамика, постои свест за вредноста на положбата, т.е. за припадност во релативно (не)/еднаква позиција, но и свест за поларизацијата во однос на животните шанси, односно – за привилегијата на елитата, наспроти депривацијата на широките народни маси, во можноста да се менува позицијата меѓу слоевите, независно од каналите за мобилност.

Во социологијата, социјалната диференцијација, упатува кон трендот на длабочина во јазот меѓу овие социјални групи, а согласно комплекс социо– демографски, социо– економски, политичко– правни и социо– културни агенси, меѓу кои примарни се социо– економските промени. Ваквите економско- демографски диспаритети се последица на радикални политички и економски промени, а структурата на населението по занимања е примарен фактор во анализите на стратификацискиот статус.

Во однос на политичкиот систем, општествата во историскиот развој се класифицирани на: претполитички и политички општества. Според фазата на историски развој на: архаични/ древни/ примитивни; традиционални, модерни, современи. Со оглед на социо- економските критериуми, општествата се развиваат од: првобитно комунистички, низ робовладетелски, феудални до граѓански. Технолошки, тие се:

собирачко/ ловечки; аграрни, индустриски, пост- индустриски. Според можноста за постигнување општествена мобилност или миграциски трендови, тие се системски, и се класификувани како: затврени и отворени (Трајковски: 2000). Имено, концептот за егалитарно општество е мит. Оваа внимателно истакната констатција, чиј извор се потпира на наодите на археолошката антропологија, се однесува на денешните и општествата во минатите 12 000 години.

Според принципите на хронолошката таксономија, нееднаквостите меѓу населението низ историјата, до класниот систем, а согласно доминантниот модел на политички поредок и економски систем, го бележат следниот развој:

Приказ 16. „Стратификациските системи во затворените општества“

| | суб- категории | карактеристики | пример |
| --- | --- | --- | --- |
| ропство | слободни граѓани бела раса американци, заробено население црна раса афро- американци | дискриминаторска субординација на основ на расизам. Феноменологијата на агенсите на социјалната интеракција и моделите на примарна социјализација, како и јазот меѓу животниот стандард и нееднаквите можности во практиката е речиси идентично илустрирана низ редовите на *Oncle Tom's cabine*- H. Beecher-Stowe, (1852). Од позиција на социјалната психологија, овој феномен се смета за прикладен пример во обидот да се објасни механизмот преку кој во општествената структура секоја индивидуа завзема одредена | САД (XVI- XIX в.), институционално поддржано од the House of Burgesses. Директно се експлоатирани од колонијалистичкиот капитализам. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | положба (статус/ позиција) и на неа соодветна улога (функција). Имено, станува збор типификацијата во бихевиоралните очекувања од одреден актер во социјалната ситуација. | |
| сталежи | Nobilitate, Laboratores, Oratores Bellatores, Bougeois, Proletariusi, Vicini. | Сталешките права, титули и хиерархиска структура се наследуваат и се заштитени под посебни reguli Феудалната структура на средновековното стопанство станала нестабилна како последица од појавата на моќната трговска класа. Но, некои современи општества и денес, бележат вакви титули- современиот гуру во социологијата- Гиденс е одликуван како лорд. | Франција во феудализмот под црковната монархија до буржоаската револуција 1789 |
| касти | Externa, Kshatriya, Vaishi, Pecunia, Shurdov. | Секоја каста е поделена во *јатиси*, а рангирани се согласно ритуалната чистотија. Имено, постои хиерархија на репутациски валоризации кои јасно го сегрегираат населението. Главна карактеристика е прописот. Во руралните подрачја сеуште има влијание и покрај фактот дека | Индија под прописот во *упадишаните* во рамки на пре- хиндуистичкиот религиски систем |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | во модерна Индија е ставен под законска регулатива. | |

*Извор.* (Расел: 2007; Haralambos, Holborn: 2002)

Значи, станува збор за затворените системи- каде статусот е јасно пропишан по линија на лоза и веројатноста за социјална мобилност е практично оневозможена. Од друга страна постои јасно ограничен јаз меѓу категориите и строго пропишан модел на социјална интеракција.

Современите општества се структури од слоеви. Илустративно, отворени се општествата во високо развиените и средно– развиените региони, а според вредности на индекс за човеков развој, такви се класните општества, како и слојните структури.

Социолозите и економистите, демографите и социјалните работници, се соочуваат со епистемолошки хаос во обидот за поставување дефиниција. Оваа последица се должи на тенката линија која е поставена, прво помеѓу концептите апсолутна и релативна сиромаштијата и концептот за човековата и мултидимензионалната сиромаштија. Втор проблем е погрешното употребување на поимот социјалната ексклузија, како синоним за апсолутната сиромаштија. Трет проблем е дефинирањето на индикатори преку кои ќе се операционализира поимот за животен стандард. Оттука, на глобално ниво, социолозите чиј mètier- domaine е социјалната стратификација, како суфикс, задолжително покрај слоевите, раслојувањето, не- еднаквостите и социјалната мобилност, ги анализираат и социјалната исклученост (ексклузија) и сиромаштијата. Овие категории се последица од промените во животниот стандард на домаќинствата, под влијани на процесите кои се опфатени со поимот транзиција.

Од методолошки аспект, за спроведување на статистички мерливи анализи, социолозите постигнуваат консензус, универзално да се применува дефиницијата од eurostat, а блиска до онаа на П. Тоунсенд. Таа е операционална и конкретно ги опфаќа лицата, семејствата и групите на лица (домаќинствата, *курзив* Ј. Т.), чии материјални, културни и социјални ресурси се на ниво кое ги исклучува од минимум прифатените услови за живот, во земјата (*Eurostat*). Овој поим е генерален, меѓутоа, статистичките мерења на сиромаштијата, отвораат можности, кај истата, да се постави дистинкција од две суб- категории. Критериумите за класификација се социолошки, Sui Generis.

- Првата суб- категорија е апсолутната сиромаштија, и е согледана како објективна димензија. Како критериум за одредување на дефиниција, се комбинираат социо- економските индикатори. Овој концепт упатува на егзистенцијалните потреби. Во таа конотација, се нагласува дека основните средства за живот се минимум потребите, а да се биде под ова ниво (граничната линија на сиромаштија), значи да се живее во услови на апсолутна сиромаштија (Алкок: 2008). Таблицата, со список на вредности за основни продукти на кошничката за домаќинствата, генерално е одредувана од Заводот за статистика, во секоја држава.
- Втората суб- категорија е релативниот концепт за сиромаштија и таа е најчесто дистрибуираниот тип. Тоа е субјективна перцепција и толкувањето е на основа на социо- културниот критериум. Се фокусира кон нивото на депривација во можноста за партиципација и активности од општествен карактер или социјални настани (Алкок: 2008). Оваа димензија отвора можности за авто- перцепција на сиромаштвото на секундарно ниво (како квалитативна димензија) и се вреднува за научни цели.

  Во прилог, оваа дистинкција, во науката не ретко, а како синоним, се сретнува и под категориите- примарна и секундарна пауперизација.

## 2.1.Современи теоретски парадигми за димензиите на стратификацијата

### i. *К. Маркс: Класните борби во индустриските општества*

Социјализмот е политичко- правна, социо- културна и економска идеологија.

-Конститутивни елементи на општеството- поставува одреден колективитет, односно група (најчесто, класа, етничка група или нација).

-Се залага за: општествена или за државна сопственост, за одредено ниво на планирање на економијата, а особено алокацијата на ретките економски ресурси и воопшто за примат на општествените (колективни) потреби, пред интересите и потребите на индивидуата (Трајковски: 2000).

Приказ 17. „Конститутивни елементи на социјализмот“

| | |
|---|---|
| колективитет | соработката ја јакне заедницата, а конкуренцијата е повод за конфликт |
| егалитарност | еднаквост на примањата, наспроти еднаквост на можностите е основна гаранција за социјална кохезија и стабилен поредок |
| потреби | дистрибуцијата на ресурсите треба да се алоцира според принципот: „од секој според способностите, на секој според потребите“ |
| класа | сите досегашни општества се општества на класни борби. Социјализмот е на страната на интересите на работничката класа, која како основен субјект е експлоатирана и потребно е да покрене радикални општествени промени преку револуција. |
| заедничка сопственост | закрила на еднаквоста и кохезијата и штит од егоизмот на приватната сопственост |

*Извор.* (Мирчев; Христова: 2008).

Конститутивни концепти на марксизмот се: класи, класна борба, револуција, комунизам, експлоатација и алиенација.

Круцијална теза:

Во услови на контрадикторна класна позиција, односите меѓу капиталистите и пролетеријатот се експлоататорски. Имено, буржоазијата поседува капитал и има централизација на економската и политичката моќ (преку арбитрарната поставеност на државата). Како што нагласува Л. Алтисе, не постои класа, која би поседувала државна моќ на подолг рок, а да не не остварува хегемонија, над државниот идеолошки апарат и преку него. Хегемонијата, според А. Грамши е културно водство, кое класата го врши врз власта, со посредство на интелектуалната елита (читај: тогаш Сојуз на комунистите, односот идеологија – praxis (Altiser: 2009)). Оттука,  пролетерите се принудени да го продаваат својот труд, а буржоазијата ги експлоатира, со посредство на државата, како нејзин моќен инструмент. Инаку, сите вредности кои се создаваат во производството се должат на вложениот труд на работниците, но овие не ги поседуваат средствата за производство. Така, капиталистите, извлекуваат екстра профит, преку помали издатоци за работниците.

Капитализмот е инхерентно нестабилен систем, бидејќи пролетерите никогаш не би се помириле со инфериорната позиција. Значи, капитализмот би поминал низ серија-

кризи, како последица на не- планското производство и порастот на стапката на сиромаштија. Ваквата состојба влијае врз јакнење на класната свест, која кулминира со пролетерска револуција. За да се спречи контраудар, радикално се менува буржоаскиот поредок, со самоуправен социјализам (како транзитна состојба), каде ќе владее диктатурата на пролетеријатот. Конечно, општеството ќе биде бескласно, односно ќе се постигне рамномерна дистрибуција на ретките и ограничени ресурси (богатството). Станува збор за комунизам. Тука, системот на производство ќе се насочи кон задоволување на потребите (преку командната економија), а не кон профит (пазарната логика). Човекот ќе стане генеричко суштество, односно универзален работник, со можност за само- реализација (Мирчев; Христова: 2008).

Значи, основна карактеристика на капитализмот, според К. Маркс е вработувањето на работната сила како зависна (интерна), на начин што, таа применува се помал дел од работното време на производство, а поголем дел од работното време- на создавање на вишокот на вредност. Оттука, дури и кога се подобрува состојбата со животниот стандард на пролетеријатот, порастот на продуктивноста на трудот не е проследен со соодветно зголемување на надниците (Vrcan: 1974).

### ii. *М. Вебер: Димензии на социјалната стратификација*

Категориите граѓани се сегрегирани согласно критериумот за пристап до ретките и ограничени, високо- вреднувани социјални ресурси, во три круцијални сфери во општеството:

Во економијата (*инструмент* богатството- *показател* висина на дивиденди). Богати наследници; акционери на транснационалните корпорации, управители во секундарниот сектор и сопственици во терциерот; медиумски магнати и технократскиот слој во кватралниот сектор.

Во политиката (моќта- за одлучување во бирократскиот управен апарат на законодавната, извршна и судска власт и овластување за водење дипломатски преговори). Политичките функционери (водство во партии, учество во граѓанскиот сектор), во внатрешната политика- премиерот и министрите, претстедателот и судиите. Во

надворешната политика- врвот за одлучување во политичките и безбедносните меѓународни институции и  економските и финансиски организации на глобално ниво и амбасадорите.

Во културата (*инструмент* репутацијата од постигнатите образовни нивоа и семејното потекло- *показател* вредноста на статусните симболи- титули, социјална сегрегација, затворен лингвистички код). Јавните интелектуалци; врвните уметници, аташеата и истакнатите писатели; ретките, високо- вреднувани и релативно високо платени и ретко барани занимања.

Ретка е, но не е не- позната, веројатноста, најчесто да се наследи, поретко да се постигне и при тоа да се одржи конзистентен статус.

Приказ 18. „веберијанската парадигма за статусна анализа“

| | | | |
|---|---|---|---|
| класи | поим | група на луѓе која се наоѓа во иста класна положба. | |
| | | поседничка | разликите во поседот примарно ја одредуваат класната положба. |
| | | трудова | изгледите за пазарното користење на добра и услуги,<br>примарно ја одредуваат класната положба. |
| | | општествена | сѐвкупност на класните положби, за кои е типично и<br>меѓу кои  лесно се остварува лична и меѓугенерациска размена. |
| | класна положба | типични изгледи за  поседување добра,<br>стекнување статус,<br>постигнување лична сатисфакција.<br>Овие се последица на<br>степенот и типот на моќ, со кои располагаат или не,<br>добра или способности и<br>начин на користење на моќта за постигнување доход или приход, во стопанскиот поредок. | |
| сталежи | поим | луѓе кои во една организирана група, успешно остваруваат барање за уживање: посебен сталешки углед и евентуално | |

| | | |
|---|---|---|
| | | посебен сталешки монопол. Настануваат преку: занимање, наследство или политичка апропријација. |
| | сталешка положба | позититивно или негативно реноме, кое типично, ефикасно се остварува и е засновано на начинот на живот, образованите постигнувања, семејната лоза, монополистичката апропријација и конвенција. |

*Извор.* (Вебер: 1976).

### iii. *Д. Бел: Структурата на пост – индустрискиот технократски систем*

Во анализите на процесот на трансформација на стратификациската структура на постиндустриските општества (на знаење и на „не – работници“), конститутивен поим е статусот и со истиот е заменет – претходниот класа. При што, единици на анализа се социо– професионалните групации.

Приказ 19. „беловата ревидирана веризија“

| | сопственички | политички | технички |
|---|---|---|---|
| социјална матрица на моќта | сопственост | политичка положба | квалификација |
| пристапен механизам | наследство и претприемнички способности | членство во политичка машинерија, кооптација | образование |
| социјална единица | семејство | група и партија | индивидуа |

*Извор.* (Трајковски: 2004).

Имено, структурата на улоги по занимање е заснована на дисјункцијата меѓу економијата и политиката, станува збор за сопственичкиот систем, во кој високо се валоризирани личната способност и постигнувањата. Оттука, со поимот класа, се означува механизмот за дистрибуција на моќта, додека, пак – со помош на статусите, се овозможува хоризонтално претставување на класите и истиот формат е хетероген. Односно,

социјалниот идентитет е дифузен и истиот е експлицитно поврзан со ретките, ограничени и посакувани ресурси, кои се високо вреднувани и се постигнуваат на индивидуално ниво– богатството, моќта и статусот.

Сè на сè, старите класи ја губат социјалната важност, како последица на јакнењето на промената на содржината на трудот (модерна корпорација на граѓанска заемност) и одвојувањето на управувањето – (како секторот за управување со човекови ресурси), од сопственоста. Оттука се говори за технократски систем, односно, се нагласува на два контрадикторни процеса: исчезнување на сопственичкиот стратификациски систем (оттука и на класите) и доминација на техничкиот систем (интензификација на дејностите поврзани со новите технологии). Затоа, главни социјални чинители се семејствата, групите, партиите и поединците, а не класите (Трајковски: 2004).

## 2.2.Социјални канали и веројатност за постигнување вертикална мобилност

Кога се говори за затворени општества, тогаш социолозите упатуваат кон системите на ропство, на сталежи и на касти. Тука статусот е пропишан (по линија на лоза). Со единствена разлика што кај сталешките системи, навистина ретките исклучоци на веројатност за постигнување, го потврдуваат правилото за затвореност. Односно, тие не се отворени општества, ниту пак се дефинитивно затворени. Vice versa, во случајот со современите општества (вклучувајќи ги и пост- социјалистичките, во трансформација), станува збор за отворени социјални структури, тука статусот е постигнат (интервенираат социјално– економските канали) и затоа се говори за форми на социјална мобилност.

Во социологијата постои не пишано, но почитувано правило, до стратификацијата, како суфикс да стои и социјалната мобилност. Имено, станува збор за движење на трудовите контингенти долж стратификациската структура, а од социо – економски аспект, во главно, на основ на промената на вкупните доходи во домаќинството.

Механизми (или канали) кои интервенираат, при социјалната мобилност се: Економски: образовно ниво, професија и занимање, положба на пазар на труд и сектор на труд, (односно титула, висина на приходи, работна позиција и должина на стаж). Социјални: веројатност да се одржува социјалниот капитал, промената на брачниот статус

и политичката активност. Комбинацијата од овие канали како систем егзогени варијабли, интервенираат при статистичко тестирање на единечните хипотези преку факторијална анализа на вертикалната интра- генерациска социјална мобилност.

Имено, од методолошки аспект, социолозите, ги анализираат промените во компаративен корелат- cross (социјалната позиција на синот, наспроти позицијата на татка си, и неговата, но во исто животно доба, со актуелното на синот). Токму во првиот случај станува збор за интра- генерациска мобилност (по вертикална линија). Кај вториот случај – се говори за интер- генерациска мобилност, повторно по вертикала. Од методолошки аспект, анализата се спроведува со примена на метричката алатка Bennini Ratio, логично, тука единици на анализа се поединците (во рамки на меѓу- генерциски јаз во домаќинството). Во случајот со вертикалната мобилност, станува збор за веројатноста, под влијание на егзогени (најчесто структурални) агенси, статусот на домаќинствата да расне или опаѓа, односно да се движат нагоре или удолу долж стратификациската структура.

Во случаите кога ваквата закономерност се генерализира за цели категории на демографски контингенти, единици на анализа се домаќинствата (во социјално-демографска смисла) и истата се поврзува со структуралните промени во економскиот и политичкиот систем, во конкретен историски пресек на општеството. Таков е случајот со предметот на овој труд.

Хоризонталната мобилност (или регионална) има секундарно значење, бидејќи е во домен на социјалната демографија. Се поврзува со диспаритетите во миграционото салдо (најчесто надворешни емиграциски движења, на високообразовани кадри, со модална пропорција кај возрасните контингенти, особено во возрасниот ранг 25 – 29). Логично, причините се економски, а врз одлуката влијае отворениот меѓународен пазар на труд и не можноста на работо- способното население да се вклучи во активната работна сила на националниот пазар на труд. Исто, од социјално- демографски аспект, а поврзано со диспаритетот во стапките на нупцијалитет и диворзитет, социолозите говорат и за маритална мобилност. Економската позиција се менува под влијание на доходите и семејното потекло на сопружникот, по склучување (или прекинување) на бракот. Истата закономерност важи и за хоризонталната мобилност. Под влијание на овој комплекс агенси, можно е статусот да опаѓа или расне, односно поединецот да се движи удолу или

нагоре. Од методолошки аспект, за мапирање на овој модел на подвижност, се применува сложен демографски систем за анализа на социјалната мобилност.

Анализите на социо – професионалната подвижност на активното население во пост-социјалистичките општества од регионот (Србија, 1989 – 2003 г.), се фокусираат кон трансформацијата на работната сила, врз основа на личните занимања.

Исто, значајни се повремените и трајни исфрлања на луѓето од сферата на пазарот на труд, (а како последица од масовната, непланска, брза и фронтална приватизација, која опфати трансформација на претпријатијата со државен и општествен капитал во акционерски друштва, *курзив* Ј. Т.).

Ваквата неповолна состојба ефектуира со пораст на стапките на структурната невработеност и активностите во доменот на неформалната економија. Меѓутоа, во периодот на транзиција, јасно е дека состојбите се драстично променети отколку во претходниот режим, но постојат диспаритети во состојбите на невработеност и на новите форми на работа како и интрагенерациска мобилност.

Тоа значи, падот на животниот стандард е проследен во раните деведесетти, но промените во континуитет во текот на изминатата деценија и пол се последица, особено на некои субјективни фактори (трансформациските способности на работното население).

Генерални законормерности, од наодите на анализите за интрагенерациска мобилност:

- трансформациски способности:
  - подготвеност за:
    - менување на типот на работа (која е и под квалификациите),
    - менување на интензитетот на работа (подолго работно време),
    - прифаќање дополнителна (легална) работа со хонорар,
    - (сигурност) напуштање на постојаното вработување, за да се работи по договор за (профитабилен) проект,
    - (одговорност) лично наоѓање работа и индивидуална самосвест при формирање сопствена фирма.
  - неподготвеност за:
    - да се промени местото на живеење (хоризонтална мобилност), за да се обезбеди вработување,
    - да се работи во делот на неформалната економија,

| |
|---|
| - прифаќање неадекватна работа понудена од Агенција за вработување,<br>- прифаќање на новите модели на пазар на труд (без доживотна државна плата).<br>Подготвеноста е во обратно- пропорционална корелација со височината на возараста. |

*Извор.* (Болчиќ: 2011)

Втор фактор е образованието. Во идеолошките апарати – какво е образованието, евалуацијата е пропратена со стереотипизациите за нееднавите можности на поткласата и пролетеријатот, оттука дискриминацијата кон каналите за мобилност станува институционално поддржана. Односно, доколку исклучоците го потврдат правилото, во суб– урбани реони, субкултурата на пониските слоеви се репродуцира преку процесот на примарна социјализација. Оваа констатација, ја потврдува веројатноста да се умре сиромашен, ако се роди таков. Овие категории на домаќинства се деприивирани, во насока за култивација (еден фактор се лингвистичките бариери).

Но, тука не станува збор само за оваа категорија, вариететот на плуралност од вредносни ориентации е поврзан со социо– економската позиција и е со широк распон. Односно различни слоеви применуваат различен хабитус. Процесот на социјална репродукција е условен од способноста за одржување на постојаните и стекнување на нови позиции.

Трет фактор е социјалниот капитал. Вториот пример е повеќе од јасен. Имено, човечкиот и културен капитал (титули, постигнувања во формалниот и неформален образовен систем, семејната лоза) се неопходен услов за да се најде работа. Меѓутоа, сами по себе, не се доволни. Односно, за успех, потребно е ангажирање на матрицата од моќни луѓе, во точно време, на одредено место. Тоа е социјалниот капитал и при вработувањето, е во функција на link меѓу работодавачите и барателите на работа.

Се на се, наодите од емпириското истражување[19], упатуваат на заклучокот- „краток синџир- сигурна работа“. Граѓанскиот сектор е добар пример (во Ѓуровска: 2011). Наодите упатуваат на следните состојби:

Генерално, луѓето се вработуваат:

- преку конкурс и со директно обраќање (44,0 %),

[19] Спроведено од економскиот социолог М. Грановетер (САД, 1973), за механизмот на вработување, на примерок го од активната работна сила во мал град, кои ги промениле работните места, меѓу двата пописа. (Во Ѓуровска: 2010).

- со лични врски (56,0 %), при што:
    - со професионални контакти (69,0 %),
    - со семејни врски (31,0 %).

Изведениот заклучок, упатува на следната закономерност:

– поголем успех при вработување се постигнува со активирање на професионалните врски. Односно, слабите врски се поефикасни, бидејќи може да доближат до други мрежи, кај кои циркулираат други информации;
– Vice versa, помал успех се постигнува со ангажирање на семејните врски. Бидејќи, во примарните групи, контактните се интензивни и многу чести, па како такви овие групи се затворени и до нив не продираат нови информации.

Односно, при изборот, работодавачите имаат потреба од директна и индиректна информација за кандидатите. Во вториот случај, влегуваат во игра неформалните канали, при што со сигурност, социјалниот капитал од неформалните канали (66,0 %), е особено важен за вработување на одговорни работни места. Илустративно, меѓу двајца кандидати кои поседуваат еднакви дипломи, подобро вработување ќе најде, тој кој поседува социјален капитал.

## 3. Визуелизација на фрагментираната и поларизирана слојна структура

Според анализите на пост- социјалистичките општества, кои во регионот се соочија со еквивалентен модел на економска трансформација, промените на самиот врв на стратификацискиот систем се најобемните промени. Дел од старите членови на номенклатурата на крајот беше отфрлен од кругот на привилегирани, а дел од неа е оставен во играта за акции на приватизацијата. Ова дополнително го продлабочи поларизираниот ефект од јазот на нееднаквостите.

Понатаму, средните слоеви се подложени на големи реструктуирации, тука ситните сопственици се со релативно подобра финансиска позиција, (во периодот на екстремната економска криза), додека позицијата на интелектуалците и нижите бирократи е влошена.

Економската стабилизација и растот ги „поставија на глава“ ваквите трендови, оневозможувајќи им развој на интелектуалците и нижите бирократи со можност за

идентификација со позицијата на ситните сопственици. Единствено не е спорен нивниот репутациски статус (Lazić: 2011).

Од методолошки аспект, елементарен критериум при позиционирање на слоевите е економската димензија, потоа политичката, па културалната.

Во економската влегуваат распределба на населението: прво според основни економски карактеристики: активност, дејност и занимање. Второ според основни социјални карактеристики: положбата во занимањето, положбата во вработувањето, секторот на сопственост, контингентите според писменост и образование, домаќинствата според реонски сектор, и според извори и големина на приходи (Ќурчиев, *ed*.: 2012).

Во политичката влегуваат партиципацијата во политиката, влијанието врз масовните медиуми и законодавството, во меѓународната политика, граѓанскиот активизам и невладиниот сектор.

Во културалниот влегуваат титулите, семејното потекло и хабитусот и социјалниот капитал.

Приказ 20. „Слојната структура на општествата во трансформација“



Приказ 21. „Мапирање на слојната структура“

I. елитен слој

Структурната анатомија (corpus) на етаблираниот пост- социјалистички модел на слојната стратификациска структура, во македонското општество, тргнувајќи од врвот (елитниот слој) се карактеризира со две специфики- првата е остар шпиц- кој укажува на ниската концентрација на население кое има привилегирана социјална позиција (1/3 од доходот) при изгледите, да се постигне конзистентен општествен статус (дивиденди, власт и титула)- при, што на едниот хоризонтален пол е сегрегирана категоријата на политички функцинери, а на другиот- категоријата капиталистички акционери. Ваквата поставеност, дополнително, има свое оправдување во можноста за меѓународно делување (претставнците на дипломатијата и новата транснационална капиталистичка елита- која поседува акции на претпријатија во странство). Во истиот слој се сегрегирани и политичките функцинери на челни позиции во националниот политички систем, како и акционерите во високо продуктивните компании во дејностите од приватниот сектор.

Инаку, согласно бернхемовата дефиниција на елитите, меѓу социолозите постои конеснзус дека денес живеме во транзитен период на премин од капитализам кон технократија. Водечки актери на новата сцена се менаџерите: првите се научници и технолози, а вторите (управители- par excellence)- се директорите и координаторите во процесот на производство. Тие поседуваат научни и технички квалификации и се врвни извршни функцинери и директори на компании (Botomor: 2008). Нивната социјална позиција оди во прилог на беловата теза која е изнесена во теоретскиот дел од овој труд, а тоа е дека во современите структури се забележува радикално издволување на соопственоста од управувањето.

Во практиката, кај овој слој се забележува не- еднаква концентрација, во прилог на елитата и тоа со дури околу 1/3 од вкупните доходи. Го сочинуваат категориите на демографски контингенти кои според степенот на образование се стекнале со висока стручна подготовка, и паралелно, се во сферата на општите занимања: како членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници,

дипломати и директори. Конкретно, тоа значи-  и раководни државни службеници, административни и комерцијални директори, како и директори на производствени претпријатија и институции за специјализирани услуги, но и воените занимања.

Имено, елитата се одржува преку два модела:

Прв модел, членовите од нижите слоеви, постигнуваат социјална мобилност нагоре. Втор модел, членовите од нижите слоеви, ангажираат други елитни одреди кои се вклучуваат во траката по власт.

Преминувајќи кон слојот подолу нагласена е тенка мембрана [20] која означува две специфики- првата е категоријата социјална затвореност, а втората- нееднаквиот пристап до ресурсите кои „се на лагер" на слојот во подем.

II. слој во подем

Имено, слојот во подем е едниот пол (и конститутивен ентитет) во вертикалата назначена како раслојување- во насловот од овој труд. Конкретно, тоа е истиот слој за кој беа посветени редови во делот за резиденцијалната сегрегација од les nouveaux riches. Во класичната социологија, постои етаблиран поим „нова класа" (која се однесува на политичката бирократија во четвртата Југославија) и истата има некои слични белези со овој слој, како фактот дека доходовното салдо со кое располагаат е последица на привилегиите кои ги стекнуваат преку членството во партија, а инаку нивното социјално потекло е од нижите слоеви (Đilas: 2012).

Во практиката, денес го сочинуваат категориите на демографски контингенти кои според степенот на образование се со гимназиско, више или високо и паралелно во сферата на специфичните занимања тоа се: директори на производствени претпријатија и институции за специјализирани услуги, директори на претпријатија за угостителство, трговија и други услуги бизнис и административни стручни соработници, административни и комерцијални директори, државни функционери. Значи, сочинета е од технократија и ко-сопственициите на акции.

Во практиката, кај овој слој е концентрирано половина доход, одошто кај елитата (односно до 15,0 %)-, во комапаративен корелат, тоа е еквивалентно на доходот кој бил

[20] Ваквата мембрана, има исто значење во link меѓу секој слој.

концентриран во рацете на средната класа во претходната структура.

Како што нагласува А. Мимица, раслојувањето на граѓанскиот сталеж започнува во буржоаското општество, со појавата на капитализмот. Тоа е новата средна класа во подем (Mimica: 1983).

Преминувајќи кон слојот подолу нагласена е тенка мембрана која означува поврзаност на „новиот слој“ со вишиот „ешалон“ на сопственици и на нив паралелно рамните јавни службеници (за кои стана збор претходно).

III. фрагментиран слој

Имено, според дистрибуцицијата на активното население по дејности, тука влегуваат два контингента според ниво на образование- средниcти (според занимање- како сопственици на приватни претпријатија на мало) и гимназијалци, односно со више или високо образование кај службенците во јавниот сектор. Имено, според стандардната класификација, тука влегуваат: работници во услужни дејности и продажба и занимања за неиндустриски начин на работа во производството, односно- службеници, службеници за општи канцелариски работи и секретари, за услужни дејности, во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот, други канцелариски службеници и пазарно ориентирани работници.

Исто како и во претходниот слој, во практиката, кај овој слој е концентрирано половина доход, одошто кај елитата (односно до 15,0 %), во комапаративен корелат, исто, тоа е еквивалентно на доходот кој бил концентриран во рацете на средната класа во претходната структура.

Социјалната дистинкција, меѓу двата слоја се јавува како последица на почетокот на фрагментацијата од овој слој па во слоевите удолу и тоа во хоризонтала. Тука, бариерите веќе стануваат речиси нејасни. Имено, преминувајќи кон слојот подолу нагласена е тенка мембрана која означува поврзаност со долните прагови. Станува збор за концептот на поларизирана средна класа- за која Џ. Ари- нагласува дека во марксов контекст- едниот дел се поместува нагоре, а другиот се спушта удолу (процесите на рестратификација и мобилност) (Urry: 2000).

Според Т. Ботомор, средните слоеви како целина влијаат врз економскиот развој. Првата претпоставка зошто се фрагментира и прелева дотогашната работничка класа во пост-

| |
|---|
| социјалистичките општества е логичка последица на не- можноста за достигнување на задоволителната стапка на бруто домашниот производ/ по глава на жител. Имено, средниот слој има влијание во општеството- зависно од позицијата до политичката моќ. Овој слој се темели на основа на образовните постигнувања и ги сочинува- интелектуалците, државните службеници, членовите на високо респектираните занимања (со задолжителна специјализација). Типичен пример е категоријата бели јаки (Botomor: 2008). |
| IV. низок слој на ризичен праг<br><br>Доколку претходните слоеви сочинуваа до 15,0 %, овој слој на „стаклени нозе“ успева „да го одржи балансот“ заради длабочината и остринaта сиромаштијата во домаќинствата кои се со вработени со ниски примања, полу- вработени или не- вработени членови. Влијаат комплекс фактори за ризик од не- постоење механизам за социјална мобилност. Имено, овој слој е најширок и е сегрегиран во два прага. Во првиот влегуваат вработени на несигурни работни позиции, со скратено работно време, во приватниот секундарен и примарен сектор, но и неплатените семејни работници во примарниот сектор. Во вториот праг влегуваат сите останати категории на издржувано насление и население без никаков или приход под минимум (кој најчесто не е регистриран како последица на активностите во не- формалната економија). Според возраста и степенот на образование оваа категорија е изразено хетерогена, исто така и по линија на етничка композиција. Она што е заедничнко е повеќе- члени семејства со низок животен стандард. |
| V. вон- институционализирани категории<br><br>Трендот на раст на стапките на нееднаквоста, невработеноста, сиромаштијата, морбидидтетот, но и предвременото пензионирање, неписменоста, ниските квалификации, општествената стигма (алкохолизам, вагабондажа, ниска проституција, ситни џепчии, отслужена затворска казна) се фактори кои влијаат врз социјалното исклучување. Имено, ваквите категории се принудени да примаат социјални трансфери (социјална парична помош со непристојна вредност) кои дополнително ги исклучуваат од системот (Хилс, *ed.*: 2009). Во оваа категорија влегуваат и ниско платените- најчесто- жени и млади со ниски квалификации, постари работници, хронично болни и инвалиди, етнички малцинства во |

сламовите, стари во демографски неразвиени рурални реони, средовечни и млади без работно искуство или помошен персонал во текстилната индустрија.

Трендот на ниско платени работни места, како и несигурни работни позиции се повод за социјално исклучување. Прво, потребна е стратегија во социјалната политика, која ќе обезбеди минимум вредност на нето и бруто плата (*но*, која ќе соодветствува со минимум потребите предвидени со просечно потрошувачката кошничка, и тоа по еквивалентни скали за домаќинства). Причините за сиромаштија се поврзани и со причините за богатството (Листер: 2009). Така што потребно е да се одреди диференцијален праг на висина на даночни издатоци за различни категории на даночни обврзници, од кои ресурси потоа Владата преку Министерството за труд и социјална политика, ресурсите ќе ги алоцира рамномерно, со повисоко ниво на социјални трансфери за примателите на социјална парична помош, еквивалентно на просечно потрошувачката кошничка.

Второ, а поврзан пригоден пример се фертилните политики кои ги спроведуваат националните влади. Тие се општествено корисни бидејќи го одржуваат природниот прираст на населението, преку примена на пронатални методи. Но, поголема ефикасност се постигнува доколку претходно се овозможи пристоен животен стандард, преку мапирање на социо- економски ранливите категории.

Трето, според Esping Andersen, потребно е политиките на пазарот на труд да се насочат кон вклучување на вкупното работоспособно население во образованието и преквалифиакциито и насочување кон флексибилизација на трудот (Bayley, *ed.*: 2006).

Анализирани по типови на домаќинства, најранливи се домаќинствата на двајца возрасни со три и повеќе издржувани деца, при што 36,50 % од лицата кои живеат во такви домаќинства се сиромашни. Според најфреквентниот статус на економска активност, стапката на сиромашни невработени лица изнесува 50,60 %, додека стапката на сиромашни вработени лица е 9,90 %. Ваквите податоци имаат за последица долгогодишна не- можност да се тргне во костец со растот на вкупниот Бруто домашен производ/ по глава на жител, од едноставна причина што станува збор за хронична состојба. Најзагрозен пример се стечаните работници од претходниот систем и невработените од младото население кое е без високо образование. Ризик фактор е и демографската реонизација на домаќинството и неможноста за внатрешни емиграции, како и порастот на морбидитет, диворзитет- витални процеси кои ја поткопуваат демографската одржливост.

Индексот на човеков развој *HPI* на Р. Македонија значително отстапува од просечниот индекс на човеков развој на високо развиените земји - 0.94, а како последица на диспаритетите во- достигнато образование и нивото на бруто домашниот производ по глава на жител, во Р. Македонија е речиси половина од вредноста во земјите од првиот свет. Во однос на регионот, Р. Македонија, повторно, покажува поволни вредности, иако повторно, единствениот диспаритет се јавува во однос на индексот на достигнато образование, чиј просек во земјите од Централна и Источна Европа е повисок (*со мала промена со оглед на денешните статистики, адаптирано според*- Ефтимоски: 2005).

# ЗАКЛУЧОК

Трудот ноторно ги класифицира економско- демографските диспаритети кои ја структурираат новата слојна стратификација во општествата во транзиција, во регионот на Западен Балкан, со посебен осврт на состојбите во Р. Македонија. Ваквите промени се на макро- општествено ниво, од национален и глобален карактер, а под влијание на политичките потези во процесите на макро- економска дестабилизација, со акцент на коруптивните активности.

Резимирана структура на трудот би го добила следниот формат:

Процесот на транзиција е проследен со **приватизација** чија последица е деквалификацијата. Во однос на начинот на спроведување, станува збор за мала или за масовна. Во тој контекст, македонското општество имаше искуство од масовниот тип. Во однос на брзина на спроведување, општествата се соочуваат со приватизација на претпријатаијата случај по случај, или со брза и фронтална. Повторно, македонското општество го искуси вториот модел, приватизацијата беше брза и фронтална. Во однос на редоследот, претпријатијата може да бидат прво приватизирани па реконструирани, или vice versa. Исто, овој избор беше тактичка грешка, како и во претходните два, македонското општество прво се соочи со приватизација, па со реконструкција.

Консеквенциите од дисјункцијата меѓу de jure поставените и de facto спроведени зафати во периодот на транзиција, директно **ја трансформираат работничката класа** во категорија на сиромаштија и социјална исклученост, а на другиот пол од структурата, кај мал дел од населението се концентрирани несразмерно поголема количина на ресурси. Ваквата позиција е под влијание на нееднаквоста на животните шанси, како последица на корупцијата, ерозијата на граѓанственоста и резигнираноста за социјални промени. Станува збор за радикални промени: во сферата на економијата- од командната економија кон конкурентски капитализам. Во сферата на политиката- од едно- партиски систем кон консоцијациска плурална демократија. Но, овие промени се проследени и со пад на бруто домашниот производ по глава на жител, економска депресија, инфлација на денар, структурна невработеност и пад на животниот стандард. Ваквите промени на патот кон демократизација, скршнаа кон „девијациите на патот", ефектот- се рефлектираше врз економско- демографската структура и правниот поредок. Населението се раслои, а

институциите се подложни на корупција. Не е спорно прашањето дали претходниот систем воопшто требаше да се распадне. Веројатно, да, бидејќи се покажа како неефикасен. **Вистинското прашање** е дали доколку Р. Македонија и замјите од регионот со ист модел на приватизација, денес- наместо земји во транзиција ќе беа земји во развој, доколку се придржуваа кон прописите за приватизација, што во практиката се случи спротивното.

Прво, опаѓа пропорцијата на вработени во земјоделството- како последица од внатре- емиграционите движења во правец од ниско- развиените југо- источни региони кон урбаните административни центри.

Второ, цела армија на квалификувана работна сила е деквалификувана- од секундарниот сектор, слегнува од пазарот на труд. Имено, не е спорна длабочината и остриината на сиромаштијата кои се ефектуираат врз вкупната стратификациска структура, туку како што навестува насловот на овој труд- раслојувањето.

Трето, до- тогашните трудови контингенти не се соодветно обучени успешно да одговорат на потребите на сегментираниот пазар на труд, а новата работна сила (вклучувајќи ја и потенцијалната во возрасниот ранг 15-19) или е во процес на школување, или без потребното две- годишно работно искуство во струката, а често квалитетниот образован кадар, ги користи и можностите за меѓународен грант.

Ваквата поставеност на економските политики е под влијание на нестабилниот политички систем. Имено, македонскиот модел на социјална стратификација бележи тренд на остра поларизација меѓу фрагментираните слоеви. Односно, приходите на моќната елита несразмерно растат. Ова е индикација за високо ниво на политичка и економска **корупција**. На глобално ниво, Р. Македонија за еден коефициент ја надминува просечната вредност на корумпирани земји. Меѓутоа трите клучни проблеми...:

– успорен економски раст, преку намалување на уделот на инвестиции во бруто домашниот производ
– продлабочениот индекс на социјална диференцијација, и индексот на длабочина и острина на сиромаштијата
– стагнантниот макро- економски и демографски развој, со тенденција кон намалување на акумулацијата на човеков капитал. ... се последица од високо- напонската корупција во процесот на приватизација.

На основ на анализата на дистрибуцијата на приходните групи низ населението во временски серии, во обидот да се дефинира социјалната стратификација на основ на доход, образование и занимање на населението, наодите упатуваат дека тоа се сегрегира во поларизирана **матрица на слоеви** во кои социјалната мобилност бележи надолен тренд и одржливост на цикулација на елитите. Според економско- демографските анализи во овој труд, истата ги вклучува следните категории:

1) елитен слој

функционери на високи позиции, акционери со високи дивиденди и технократи

2) слој во подем

бирократски службеници со можност за професионална мобилност и сопственици во терциерот

3) фрагментиран слој

вработени во терциерот

4) низок слој на ризичен праг

вработени во секундарниот сектор и во секундарниот пазар на труд (со несигурни работни места)- кои се релативно сиромашни

5) вон- институционализирани категории

апсолутно сиромашни и социјално исклучени по било кој критериум.

Во ваква позиција, наодите упатуваат на несразмерна диференцијација во cross- анализата на интер- генерациската мобилност и релативно ниската веројатност и неправедна- за социјална мобилност. Имено, обазовните титули имаат висока валоризација, но сепак- повлијателни се каналите на социјалниот капитал и концентрацијата на политичката моќ.

Граѓаните се резигнирани, делумно како последица на новиот модел на граѓанска култура, а сигурно од неизвесноста од транзициската голгота. Оттука изгледите за радикални промени from Bottom to Top, по неуспешните активности from Top to Bottom се илузорни и нереални. Но, вредно е да се нагласи дека во однос на казнените мерки во почетокот од транзицијата, денешните **макро- економски политики** успешно ја издигаат земјата- на ниво од среден ранг- речиси по сите димензии на одржливост и оттука се смета за средно развиена земја која одржува чекор.

Како аналитичар во доменот на економската социологија, а согласно наодите, мојата **препорака** се однесува на потребата од:

- прво, во однос на вокационалистичката политика, паралелно со развојот, да се усогласи образовниот курикулум со побарувачката на трудови контингенти по дејности.
- Второ, во однос на популациската политика, перманентно да се насочуваат социјалните политики во прилог на младото население бидејќи макро-економскиот растеж е поврзан со демографскиот развој. Основен принцип од теоријата на демографска транзиција е дека развиено население се смета тоа кое има сигурна основа (прогресивно во однос на природниот прираст). Впрочем практиката покажува дека досегашните демографски проекции убедливо ја потврдуваат тезата дека развиените општества во глобален контекст, се млади општества во демографска смисла.
- Трето, во однос на социјалната политика, да се постави стратегија, која ќе обезбеди минимум вредност на нето и бруто плата (*но*, која ќе соодветствува со минимум потребите предвидени со просечно потрошувачката кошничка, и тоа по еквивалентни скали за домаќинствата).
- Четврто, во однос на мерките за социјална инклузија, да се одреди диференцијален праг за висина на даночни издатоци за различни категории на даночни обврзници, од кои ресурси потоа Владата преку Министерството за труд и социјална политика, ресурсите ќе ги алоцира рамномерно, со повисоко ниво на социјални трансфери за примателите на социјална парична помош, еквивалентно на просечно потрошувачката кошничка.

**БИБЛИОГРАФИЈА**


Алкок, Пит, (2008). *Разбирање на сиромаштијата*. Скопје: Магор.

Almond, Gabriel A.; S. Verba, (2000). *Civilna kultura*. Zagreb: Politička kultura.

Altiser, Luj, (2009). *Ideologija i državni ideološki aparati.* Beograd: Karpoš.

Ацески, Илија, (2013). *Дизајнирање на социјалните истражувања*. Скопје: Филозофски факултет.

–––, (1995). *Општеството и човекот во транзиција*. Vol. 1. 3 vols. Скопје: Екопрес.

–––, (2002). *Општеството и човекот во транзиција*. Vol. 3. 3 vols. Скопје: Филозофски факултет.

–––, (2003). *Човекот и градот.* Скопје: Филозофски факултет.

Bayley, Deborah; H. G.- Lazetić, *ed.*, (2006). *Neumreženi: lica socijalne isljučenosti u Hrvatskoj*. Zagreb: UNDP.

Begović, Boris, *ed.*, (2008). *Od siromaštva ka prosperitetu: tržišna rešenja za privredni rast*. Beograd: Glasnik.

Bolčić, Silvano, (2003). *Svet rada u transformaciji: lekcije iz savremene sociologije rada.* Beograd: ΠΛΑΤΩ.

Болчиќ, Силвано, (2011). „Постсоцијалистичката трансформација и новите својства на работната сила: Србија 1990- 2003“. во Георгиевски, Петре, (ed.). *Социологијата и општествените промени*. Скопје: Филозофски факултет.

Botomor, Tomas, (2008). *Elite i društvo*. Novi Sad: Mediterran Publishing.

Брдар, Милан, (2004). „Основна стратегија транзиције и њихова логика“. во *Социолошки преглед*. Vol. XXXVIII. No 3. Zagreb: Fakultet političkih znanosti.

Вебер, Макс, (1976). *Привреда и друштво,* vol. I. II vols. Београд: Просвета.

Вељковиќ, Душан, (2001). *Транзициона деструкција: деценија што ја изедоа термити*. Скопје: Еуро-Мак компани.

Velikonja, Mitja, (2010). *Titostalgija*. Beograd: XX vek.

Виоти, Пол Р.; Марк В. Каупи, (2009). *Меѓународни односи и светска политика: безбедност, економија, идентитет.* Скопје: Академски печат.

Volerstin, Imanuel, (2005). *Uvod u analizu svjetskog sistema.* Cetinje: OKF.

Вотерс, Малколм, (2003). *Глобализација*. Скопје: Институт за демократија, солидарност и цивилно општество.

Vrcan, Srđan, (1974). *Društvene nejednakosti i moderno društvo*. Zagreb: Suvremena misao.

Vukadinović, Radovan, (2006). *NATO u međunarodnim odnosima*. Zagreb: Fakultet političkih znanosti.

Вуковић, Слободан, (2011). „Економски узроци разбијања/ распадања Југославије”. во *Социолошки преглед*. Vol. XLV. No 4. Београд: Институт друштвених наука.

Гелнер, Ернест, (2009). *Услови за слобода: цивилното пштество и неговите противници.* Скопје: Магор.

Георгиевски, Петре, (1998). „Општествена структура“. во Петроска, Блага *ed*.. *Социологија*. Скопје: МАНУ.

Gofman, Erving, (2009). *Stigma: zabeleške o ophodanju sa narušenim identitetom.* Novi Sad: Mediterran Publishing.

Давкова, Гордана Силјановска; Владимир Митков, (2004). *Локална самоуправа*. Скопје: Магор.

Đilas, Milovan, (2010). *Nova klasa: kritika savremenog komunizma*. Zagreb: Feniks knjiga.

Ѓуровска, Милева, (2008). „Културата и економијата“. во *Социолошка ревија* ½. Скопје: ЗСРМ.

–––, (2006). *Социологија*. Скопје: Филозофски факултет.

–––, (2011). „Субјективните аспекти на социјалната стратификација“. во *Социолошка ревија*, No. 1. Vol. XII. Скопје: ЗСРМ.

–––, (2010). „Улогата на социјалниот капитал во глобалното општество“. во *Годишен зборник на Филозофски факултет*. Скопје: Филозофски факултет.

Edgar, F. Borgatta; Rhonda J. V. Montgomery, *ed*. (2000). *Encyclopedia of Sociology*. Vol. 1. 5 vols. London: Macmillan Reference.

Elster, Jon, (2000). *Uvod u društvene znanosti: matice i vijci za objašnjenje složenih društvenih pojava*. Zagreb: Naklada Jesenski i Turk, Hrvatsko sociološko društvo.

Ејкерман, Сузан Р., (2012). *Корупцијата и власта, Причини, последици и реформа*. Скопје: Центар за граѓански комуникации.

Ефтимоски, Димитар, (2003). *Економија на развојот*. Скопје: Економски институт.

–––, (2008). „Животниот стандард и квалитетот на животот на луѓето - теоретски аспекти и основни мерила“. во Митев, Маја Г. *ed. Ревија за социјална политика*. год. 1. Скопје: F FES.

Јаќимовски, Јорде, *ed.,* (2001). *Социо- економска структура и проблеми на населението во Р. Македонија*. Скопје: ИСППИ.

Јовиќ, Дејан, (2009). *Причини за распаѓањето на СФРЈ.* Скопје: Темплум.

Jurin, Smiljan, *ed.*, (1977). *Privredni sistem SFRJ.* Beograd: Naučna knjiga.

Кљусев, Никола, *ed.,* (2002). *Економијата на Македонија во транзиција: (проблеми, дилеми, цели)*. Скопје: МАНУ.

Коковић, Драган, (1997). *Пукотине културе*. Београд: Просвета.

Колодко, Гжегож В., (2004). *Глобализацијата и перспективите за развој на постсоцијалстичките земји.* Скопје: Економски институт.

Krešić, Andrija, (1968). *Kritika kulta ličnosti: političko društvo I politička mitologija.* Beograd: Zodijak.

Lazić, Mladen, (2011). „Restratifikacija u Srbiji“. во *Politička misao.* Vol. 48. No 3. Zagreb: Fakultet političkih znanosti.

Ле Бон, Гистав, (1997). *Психологија на толпата*. Скопје: Култура.

Letunić, Paula, (2011). „Korupcija i društveno – ekonomski razvoj”. во *Politička misao*. Vol. 48. No 2. Zagreb: Fakultet političkih znanosti.

Листер, Рут, (2009). *Сиромаштија*. Скопје: Академски печат.

Маршал, Гордон, (2004). *Оксфордски речник по социологија*. Скопје: Ми – Ан.

Mayor, Brenda, (2002). *It`s Not My Fault: When and Why Attributions to Prejuce Protect Self-Esteem*. Santa Barbara: University of California.

Milić, Anđelka, (2007). *Sociologija porodice*. Beograd: Čigoja.

Mićović, Vojislav, (2001). *Globalizacija i novi svetski poredak.* Beograd: Čigoja.

Mimica, Aljoša, (1983). *Ogled o srednjoj klasi*. Beograd: Istraživački i izdavački centar SSO.

Мирчев, Димитар; Лидија Христова, (2008). *Модерната политологија: темелите на проучувањето на политичкиот живот*. Скопје: Култура.

Neš, Kejt, (2006). *Savremena politička sociologija: globalizacija, politika i moć*. Beograd: Glasnik.

ПавловиЋ, Душан, (2010). „Социјална цена транзиције“. во *Социолошки преглед.* Vol. XXXX. No 2. Zagreb: Fakultet političkih znanosti.
Pavlović, Vukašin, (2009). *Društveni pokreti i promene.* Beograd: Glasnik.
–––, (2011). *Država i društvo: studija iz političke sociologije*. Beograd: Čigoja štampa.
Попер, Карл, (2001). *Бедата на историцизмот*. Скопје: Слово.
Расел, Бертранд, (2007). *Мудроста на западот*. Скопје: Три.
Reinert, Erik S., (2006). *Globalna ekonomija: kako su bogati postali bogati i zašto siromašni postaju siromašniji*. Beograd: Čigoja.
Ристеска, Марија, (2012). *Влијанието на економската криза врз индустриските односи во Македонија: политички одговори за оправување од кризата, Национален извештај*. Скопје: CRPM.
Ritzer, Geogre, (1997). *Suvremena sociologijska teorija*. Zagreb: Globus.
Santos, Boaventura de Soza, (2002). „Procesi globalizacije”. *Rec no.* 68 – 14 december 2002. *Časopis za kniževost, kultura i društvena pitanja.*
Stojiljković, Zoran, (2013). *Država i korupcija*. Beograd: Čigoja.
Сулејманов, Зоран, (2000). *Македонската криминологија*. Скопје: Графохартија.
Todorović, Mirjana; Slobodanka Nedović, (1996). *Sociološki recnik.* Beograd: Čigoja.
Tomić, Zorica, (2003). *Komunikologija.* Beograd: Čigoja.
Трајковски, Ило, (2000). *Социологијата, што е и како се практикува.* Скопје: Матица.
–––, (2004). *Знаењето и општеството.* Скопје: Матица.
Тупанчевски, Никола; Вања Михајлова, (2011). *Водич за невладини организации за борба против корупцијата*. Скопје: Центар за граѓански комуникации.
Ќурчиев, Александар, *et al*., (2012). *Демографски терминолошки речник*. Скопје: Економски институт.
Urry, John, (2000). *Sociology beyond societies: Mobilities for the twenty – first century.* New York: Routledge.
Haralambos, Michael; Martin Holborn, (2002). *Sociologija: teme i perspektive.* Zagreb: Golden marketing.
Held, Dejvid, (1997). *Demokratija i globalni poredak: od moderne države ka kosmopolitskoj vladavini,* Beograd: Filip Višnjić.
Хилс, Џон, *et al*. (2009). *Социјално исклучување.* Скопје: Академски печат.

Cirn, Mihael, (2003). *Upravljanje sa one strane nacionalne države: Globalizacija i denacionalizacija kao šansa*. Beograd: Filip Višnjić.
Čupić, Zoran, (1997). *Proces tranzicije u centralnoj Evropi, prva etapa*. Beograd: Institut za međunarodnu politiku i privredu.
Шолте, Јан Арт, (2008). *Глобализација, критички вовед*. Скопје: Академски печат.

- Архиви за тековни статистички податоци од

*Државен завод за статистика- Р. Македонија*
*Eurostat*
*South- East European Survey*
*Transparency International*
*United Nation Development of Population*
*World Bank*
*World Press Freedom*